ЦЕНТРАЛЕН
ДЕПОЗИТАР
ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

Централен депозитар за хартии од вредност
ЦДХВ АД
Бр. 0102-1221/1
28.02 20 17 год.
Скопје

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА

## ЦЕНТРАЛЕН ДЕПОЗИТАР ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ АД СКОПЈЕ

## 2016 ГОДИНА

Скопје, Февруари 2017 година

# Вовед

Извештајот за работата на Централниот депозитар за хартии од вредност (Депозитар) во текот на 2016 година ги опфаќа условите на деловното окружување што имаа влијание на пазарот на хартии од вредност во Република Македонија, активностите на Депозитарот и податоците од извршувањето на функциите на Депозитарот, како и статистички показатели од работењето на Депозитарот релевантни за пазарот на хартии од вредност во Република Македонија. Извештајот содржи и податоци за финансиското работење на Депозитарот и осврт на други околности согласно одредбите на Законот за трговски друштва за содржината на годишниот извештај за работата на друштвото.

Основите за работењето на Депозитарот се уредени со Законот за хартии од вредност во кој се предвидени основните функции кои ги извршува Депозитарот. Согласно член 32 од Законот за хартии од вредност, Депозитар на хартии од вредност ги извршува следните функции:

1. регистрирање на издавањето и преносот на хартиите од вредност во Република Македонија како електронски запис (водење регистар на хартии од вредност);
2. давање меѓународен број за идентификација на хартиите од вредност (ИСИН) за сите емисии на хартии од вредност;
3. запишување на сопствениците на хартии од вредност;
4. порамнување на трговските трансакции според принципот „испорака наспроти плаќање“;
5. вршење на нетрговските преноси;
6. овозможување услови за позајмување на хартиите од вредност;
7. следење на финансиската состојба на неговите членки, со цел управување со ризикот поврзан со можно непорамнување на трговските трансакции и
8. вршење дополнителни услуги за издавачите на хартии од вредност.

Депозитарот во име на издавачите на хартии од вредност, може да ги врши следниве дополнителни услуги:

1. доставување на ажуриран список на сите постојни сопственици на хартии од вредност издадени од тој издавач и
2. вршење на други услуги во врска со издадените хартии од вредност како што се пресметка и исплата на дивиденда и/или камата, известување за собранија на акционерите и слично.

Ваквата законска одредба беше основата за активностите на Депозитарот реализирани во 2016 година.

# Деловно окружување

Во текот на 2016 година Депозитарот својата активност ја остваруваше под влијание на голем број интернационални и домашни фактори, од кои некои со позитивен, а некои со негативен предзнак, кои влијаеа како врз пазарот на капитал, така и на состојбите во трговските друштва во Република Македонија. Влијанието на овие фактори врз работењето на Депозитарот во 2016 година главно беше следено од значајни неизвесности и идни ризици.

- Светот во 2016 година се карактеризираше со промени во глобалниот економски пејзаж

Глобалниот раст за минатата година се проценува на 3,1%. Оваа просечна стапка на раст, сепак, ги замаглува дивергентните движења во различни групи во земји и во различни квартали. Намалувањето на растот во најразвиените земји (од 2,1% во 2015 г. на 1,6% во 2016 г.) е проследено со успорување на растот на Кина и со неочекуван пад на некои од растечките пазарни економии, пред се Аргентина и Бразил кои западнаа во рецесија, главно поради интерни фактори. Пазарите во развој, исто така, се прилагодуваа на условите на понизок глобален раст, намалување на цените на стоките, и намалување на глобалната трговија.
Политичката клима беше неизвесна во многу земји. Недоволниот раст на приходите на населението и континуираниот пораст на нееднаквоста ја отвори вратата за популистички, протекционистички политики.

- Европската Унија беше во знакот на турболенции.

Во тешката 2016 година, европската економија се соочуваше со бројни меѓународни и домашни предизвици, вклучувајќи ги најниските темпа на глобален раст и раст на трговија од 2009 година, геополитичките тензии, терористички напади во неколку земји-членки, стресниот банкарскиот сектор, референдумот во Велика Британија за напуштање на ЕУ, како и реакциите против глобализацијата.
Европската економија покажа отпорност во 2016 година, одржувајќи го својот раст и создавањето на работни места дури и кога таа се соочува со бројни предизвици. Растот беше умерен, но се поткрена кон крајот на годината со континуирана поддршка на приспособливата монетарна политика, ниските цени на производите, релативно нискиот курс еврото како и ендогени фактори како што се подобрување на пазарот на работна сила. Отпорноста на закрепнување на евро-зоната, сепак, не може да се земе за апсолутно извесно. Минатата година инвестициите останаа ниски и покрај значителна поддршка на политиката и соодветните подобрување на условите за финансирање. Додека БДП се врати на нивото пред кризата, упорната слабост на инвестициите фрла сенка врз одржливоста на закрепнувањето.

- Во однос на Македонија, за 2016 година, внатрешните состојби се оценуваат како "лет во место".

Минатата година ја одбележа длабоката политичка криза, најостра од 2001 година. Политичката криза во Република Македонија имаше и има свои импликации врз економијата на Република Македонија. Пролонгирањето на неизвесноста поврзана со политичките случувања доведе до прелевање во економијата со поголема воздржаност на домашните и странските субјекти. Сепак, и покрај присутните

ризици, економијата не се соочуваше со поголеми нерамнотежи. Иако минато-годишните ефекти од домашната политичка нестабилност врз економијата и врз однесувањето на економските субјекти се оценуваат како ограничени, сепак неизвесноста од домашното окружување и понатаму е голема. Неповолни беа и ризиците од надворешното окружување поврзани со пониското глобален раст и растот на европската економија, како и натаму присутните геополитички тензии.

Извештајот на Европската Комисија за напредокот на Македонија во 2016-та, помеѓу останатото, ги вклучува констатациите:
- доцнење во подготовките за сеопфатната стратегија за реформа на јавната администрација 2017-2022,
- недостаток на политичка посветеност за реализација на неопходните реформи во управувањето со јавните финансии доведе до значително намалување на финансиската помош од ЕУ во 2016 година,
- распространета корупцијата во многу области која продолжува да биде сериозен проблем,
- ниската конкурентност на домашниот приватен сектор е попречена од слабото остварување на договорите, големата неформална економија, и отежнат пристап до финансии,
- управувањето со јавните финансии не се подобри и јавниот долг и понатаму расте,
- транспарентноста на буџетот не е обезбедена, бидејќи разбирливи, навремени и сигурни буџетски и статистички информации не се јавно достапни,
- сериозни загриженост за државната контрола на институциите и клучните сектори на општеството. Независните регулаторни, надзорни и советодавни тела не беа во можност да ги извршуваат своите функции проактивно, ефикасно и без политички притисок, што доведува до ограничен надзор над извршната власт.

Темпото на економски раст забави во текот на 2016 година и изнесуваше 2,1% наместо планираните 4%. Во вториот квартал дојде до зголемувањето на основната каматна стапка за 0,75 процентни поени поради продлабочувањето на политичката нестабилност во домашната економија. По преземените дополнителни монетарни мерки од НБРМ во третиот квартал, дојде до стабилизирање на очекувањата на економските субјекти, отсуство на притисоци од побарувачката на девизниот пазар, како и умерен раст на штедењето на населението во банкарскиот систем.

Среде долготрајната политичка криза, компаниите се воздржуваа од инвестиции, растот на корпоративните кредити беше минимален, а државата доминираше во капиталните трошоци. Дефицитот на тековната сметка во 2016 година во споредба со 2015 година се зголеми, како што се прошири дефицитот во примарниот биланс, а се намали приливот од дознаките од странство.

Во текот на 2016 година државата беше редовно присутна како издавач на примарниот пазар на хартии од вредност, при што беа пуштени во промет и државни записи и државни обврзници со задржување на тенденцијата на продолжување на рочноста на постојното портфолио на државни хартии од вредност.

Измените и дополнувањата на Законот за трговските друштва кои овозможија постапка на бришење на трговските друштва кои се неактивни имаше значајно влијание врз работата на Депозитарот во 2016 година. Имено, со цел реализација на мерка добиена во рамките на Високите преговори помеѓу Република Македонија и Европската Унија во делот на Главата за Функционална пазарна економија каде се бара побрзо решавање на неактивните трговски друштва, а заради понатамошно подобрување на конкурентноста на домашниот пазар и националната

конкурентност, се бришат сите трговски друштва кои во период од три години се неактивни односно кои не исполниле други услови уредени со Законот, и за кои во рок од една година од денот на првото објавување на интернет страницата на ЦРМ не е покрената постапка за стечај или ликвидација или се соодветно изборишани од таа листа на ЦРМ поради исполнување на предвидените услови. Ваквата законска рамка, чија операционализација се врши преку ЦРМ - Трговскиот регистар, наметна ситуација на бришење на значаен број на акционерски друштва во 2016 година, заради што беа преземени соодветни активности и во Депозитарот.

Што се однесува до секундарниот пазар на капитал, на Македонската берза изминатата година, за разлика од 2015-та, беа забележани позитивни трендови и резултати така да прометот порасна за 13,64%, пазарната капитализација за 12,50%, бројот на трансакциите за 8,93% што ефектуираше во пораст на берзанскиот индекс МБИ10 за 16,45%. Вкупно реализираниот промет изнесуваше 3 милијарди денари (2,6 во 2015г) односно 49 милиони евра (43 во 2015г)

Во услови на променлива заинтересираност на домашните инвеститори, странските инвеститори не покажаа интерес за позначајно присуство на македонскиот пазар на хартии од вредност на куповната страна што резултираше со намалување на учеството во главнината кај 9 друштва од МБИ 10. Во текот на годината стартуваше регионалната платформа СЕЕ ЛИНК од која во иднина се очекуваат позитивни ефекти.

Извори: IMF - World Economic Outlook - January 2017
EU - European Economic Forecast Winter 2017
НБРМ – Квартален извештај ноември 2016
Европска комисија - Стратегија за проширување на ЕУ 2016
Македонска берза АД – Годишен статистички билтен 2016

# Информации за извршувањето на основните функции на Депозитарот во 2016 година

## Генерални показатели од извршувањето на основните функции на Депозитарот во 2016 година:

Генералните показатели за 2016 година кои произлегуваат од предметот на работење на Депозитарот се следните:

- во делот на водењето на регистарот на хартии од вредност:
  - во системот на Депозитарот на 31.12.2016 година беа евидентирани активни акционерските книги на 481 акционерски друштва, што е за 35 помалку од состојбата на 31.12.2015 година, при што во текот на годината
    - беа регистрирани 8 нови акционерски друштва
    - над 17 акционерски друштва беше отворена постапка на стечај, а над 2 постапка за ликвидација
    - 3 акционерски друштва се преобразени во друга форма на трговско друштво;
    - 24 акционерски друштва се избришани преку ЦРМ
  - во системот на Депозитарот на 31.12.2016 година беа евидентирани 524 посебни активни ИСИН-и за издадени акции, што е за 58 помалку од состојбата на 31.12.2015 година, при што во текот на годината
    - се евидентирани промените на статусот на издавачите на акции кои соодветно се пресликува и кај бројот на активни ИСИН-и
    - извршен е упис на 4 нови емисии на постојни акционерски друштва
    - извршени се вкупно 10 конверзии на приоритени во обични акции;
  - во системот на Депозитарот на 31.12.2016 година беа евидентирани 176 посебни ИСИН-и за издадени краткорочни и долгорочни должнички хартии од вредност, што е за 7 повеќе од состојбата на 31.12.2015 година;
- во делот на трговските преноси:
  - извршено е утврдување и порамнување на 12.933 трговски транскации реализирани на Македонска Берза за хартии од вредност АД Скопје во вкупна вредност на порамнувањето од 3.025.507.772 денари, што е за 13,85% повеќе во однос на вредноста на порамнетите трансакции во 2015 година,
  - извршено е утврдување и порамнување на 45 трговски транскации реализирани преку пазарот организира од НБРМ во вкупна вредност на порамнувањето од 4.130.047.338 денари
- во делот на нетрговските преноси, намалување на бројот и структурата на нетрговските преноси во однос на 2015 година
- во Депозитарот е спроведена постапка за преземање на едно акционерско друштво, согласно одредбите на Законот за преземање на акционерски друштва, со вредност на спроведените преноси при преземањето од 32.197.380 денари.

## Подетални показатели од извршувањето на основните функции на Депозитарот во 2016 година:

❖ **Евидентирање на издавачи и иматели на хартии од вредност**

***Хартии од вредност***

Хартии од вредност во системот на ЦДХВ, со состојба на ден 31.12.2016 година.

| | **Број на активни ИСИН-и** | **Издадена количина** | **Номинален капитал** |
|---|---|---|---|
| **Акции** | 524 | 385.627.985 | 216.071.547.152 |
| **Обврзници** | 149 | 1.096.831.274 | 46.512.046.709 |
| **Останати ХВ** | 27 | 3.917.422 | 39.174.220.000 |

***Сметки на иматели***

Структура на сметки, по типови сметки, во системот на ЦДХВ со состојба на ден 31.12.2016 година.

| **Тип на сметка** | **Номинален капитал (МКД) 31.12.2016** | **% промена во однос на претходната година** | **Број на сметки 31.12.2016** | **% промена во однос на претходната година** |
|---|---|---|---|---|
| **Сопственичка сметка** | 216.818.829.717 | -4,79 | 71.533 | -9,83 |
| **Портфолио сметка** | 48.057.552 | 14,76 | 59 | 7,27 |
| **Застапничка сметка** | 53.920.623 | -4,90 | 11 | -8,33 |
| **Старателска сметка** | 31.851.697.583 | 19,65 | 62 | -1,59 |
| **Други сметки** | 52.985.308.385 | -0,88 | 4.705 | -21,97 |

***Структура на иматели***

Структура на сметки по тип на инвеститор во системот на ЦДХВ со состојба на ден 31.12.2016 година.

| **Инвеститор** | **31.12.2016** | **31.12.2015** | **Процент на промена** |
|---|---|---|---|
| **Домашни физички лица** | 70.834 | 79.502 | -10,90 |
| **Домашни правни лица** | 2.107 | 2.245 | -6,15 |
| **Странски физички лица** | 1.201 | 1.278 | -6,03 |
| **Странски правни лица** | 193 | 202 | -4,46 |

## ❖ Утврдување и порамнување на трговски трансакции

### *Утврдување и порамнување на трансакции склучени преку Берза*

Порамнети трансакции во 2016 година склучени на Македонската Берза АД Скопје, изразени во вредност на трансакциите во МКД, број на хартии од вредност и број на трансакции.

| МБХВ | Вредност 2016 година (МКД) | Вредност 2015 година (МКД) | Процент на промена |
|---|---|---|---|
| **Вредност (МКД)** | 3.025.507.772 | 2.664.041.006 | 13,57 |
| **Количина ХВ** | 11.648.329 | 13.166.069 | -11,53 |
| **Број на трансакции** | 12.933 | 11.873 | 8,93 |






### *Порамнување на трансакции склучени на ОТЦ пазарот*

Во следната табела се прикажани податоци за порамнувањето на трансакции склучени на ОТЦ пазарот и порамнети во реално време.

| ОТЦ | Вредност 2016 година (МКД) | Вредност 2015 година (МКД) | Процент на промена |
|---|---|---|---|
| **Вредност (МКД)** | 4.130.047.338 | 3.627.486.408 | 13,85 |
| **Количина ХВ** | 413.400 | 362.114 | 14,16 |
| **Број на трансакции** | 45 | 40 | 12,50 |

Трансакциите на ОТЦ пазарот се реализирани преку 8 учесници на продажна страна и 7 учесници на куповна страна.

## ❖ Нетрговски преноси на хартии од вредност

Податоци за спроведени нетрговски преноси во системот на ЦДХВ во текот на 2016 година по основ на подарок, наследство и судски одлуки:

| | 2016 година | 2015 година | Процент на промена |
|---|---|---|---|
| Наследство | 957 | 1.035 | -78 |
| Подарок | 272 | 835 | -563 |
| Судски одлуки | 33 | 12 | 21 |

## ❖ Спроведени корпоративни дејства во Депозитарот

### *Корпоративни активности на акционерските друштва во 2016 год.*

Податоци за спроведени корпоративни активности на акционерски друштва-издавачи на хартии од вредност во системот на ЦДХВ во текот на 2016 година:

| Активност | БРОЈ |
|---|---|
| Евидентирани нови акционерски друштва | 8 |
| Доделени нови ИСИН-и со основачки емисии | 8 |
| Нови емисии на постоечки АД | 4 |
| Евидентиран стечај на АД | 17 |
| Евидентирана ликвидација на АД | 2 |
| Извршена преобразба на АД во друга форма на друштво | 3 |
| Извршено намалување на основна главнина кај АД | - |
| Поделба на акции | - |
| Бришани друштва преку интернет страната на ЦРМ | 24 |

Подетални информации за акционерските друштва кај кои во 2016 година се спроведени корпоративни активности се дадени во Прилогот 2 кон овој Извештај.

### *Импликации од бришењето на акционерските друштва од страна на Централниот регистар на Република Македонија*

Централниот регистар на Република Македонија врз основа на спроведена постапка за бришење согласно член 552-б од од Законот за трговските друштва во 2016 година изврши бришење на 24 акционерски друштва. Основот за бришење на овие друштва е тоа што овие друштва до 31.12.2015 година до Централниот регистар на Република Македонија не поднеле годишна сметка за деловната 2014 година и/или не поднеле пријава за упис на адреса на електронско сандаче за прием на писмена согласно член 21 од Законот за едношалтерскиот систем и за водење на трговски регистар и регистар на други правни лица и/или по истекот на една година од објавувањето на уписот на веб страницата на Централниот регистар на Република Македонија за извршениот упис на основање согласно со членот 175 од Законот за трговските друштва, не го внеле/уплатиле основачкиот влог. Врз основа на информациите за бришењето на овие акционерски друштва, во системот на Депозитарот беше евидентирано блокирање на нивните ИСИНи на издадени хартии од вредност.

### *Преземање на акционерски друштва*

Во текот на 2016 година Депозитарот ги презеде следните активности согласно Законот за преземање на акционерски друштва

| Датум | Акционерско друштво | Број на евидентирани изјави на лица кои ја прифатиле понудата за откуп | Број на пренесени ХВ | Број на преноси | Вредност на преземање (МКД) |
|---|---|---|---|---|---|
| 04.02.2016г. | Агрокуманово АД Куманово | 7 | 14.702 | 7 | 32.197.380 |

Потоа, по успешното превземање на Агрокуманово АД Куманово, во текот на првиот квартал во 2016 година Депозитарот склучи договор за соработка со превземачот во постапката за принудна продажба. Во постапката на принудна продажба беа извршени преноси од 4 иматели на акции издадени од Агрокуманово АД Куманово кои не ја прифатија понудата за преземање. Од овие иматели само еден достави банковна сметка за исплата на откупените акции. За овој акционер депозитарот исплати 109.500 денари, додека преостанатите средства остануваат депонирани на сметката на ЦДХВ за нивна исплата се до нивно или известување на наследници/правни следбеници на поранешните акционери.

Кон крајот на вториот квартал од 2016 година Депозитарот склучи Договор за соработка со превземач во постапка на преземање на Макпетрол АД Скопје. Во базата на податоци на Депозитарот активности по овој договор согласно Законот за преземање на акционерски друштва не се преземени имајќи предвид дека КХВ донесе Заклучок за прекинување на поведената постапка по Барањето за издавање дозвола за понуда за преземање на "Макпетрол" АД Скопје, поднесено од страна на "Balkan Petroleum Holding Limited". Постапката е прекината заради решавање на

претходно прашање кај друг надлежен државен орган и ќе продолжи по решавање на претходното прашање од страна на надлежниот државен орган.

На 18.08.2016г., овластени лица од Комисијата за хартии за хартии од вредност извршија вонредна посредна контрола во просториите на Депозитарот во врска со превземените активности на Депозитарот при склучувањето на договорот со клиентот Balkan Petroleum Holding Limited од аспект на одредбите на Законот за спречување на перење пари и финансирање на тероризам. При вршењето на контролата, од страна на Депозитарот беше доставена целокупната барана релевантна документација и одговори. По спроведувањето на контролата, доставен е Записник од Комисијата во кој е презентирана утврдената фактичка состојба и наодите при контролата. Во Записникот од извршената контрола не се констатирани неправилности во работењето на Депозитарот.
Кон крајот на 2016г Депозитарот потпиша и Договор со преземач за преземање на акционерското друштво Единство АД Струмица, која постапка продолжува во 2017 година.

### ❖ Издавачи со статус „Пасивни субјекти“

По стапувањето на сила на измените на Правилата за работа на Депозитарто каде се воведува категоријата Пасивен статус на издавач на хартии од вредност, се пристапи кон утврдување на листата на акционерски друштва со пасивен статус на издавачи кои ги исполнуваа предвидените критериуми од Правилата за работа на Депозитарот. До ваквите издавачи Депозитарот достави писмени известувања дека согласно Правилата за работа на ЦДХВ АД Скопје за истите е утврден пасивен статус, како и последиците кои произлегуваат од тој статус во поглед на добивање на услуги од Депозитарот. Воедно, беше воспоставена посебна процедура за евиденција на издавачите со пасивен статус која тековно се ажурира имајќи предвид дека се работи за состојби кои се менуваат во зависност од објавите на веб страницата на Централниот регистар на Република Македонија.

### ❖ Активности во врска со државни хартии од вредност

Депозитарот ја има улогата на Регистар на државните хартии од вредност, чиј издавач е Министерството за финансии на Република Македонија. Во табелата која следи се прикажани податоци за активностите на примарниот пазар на државни хартии од вредност во текот на 2016 година:

| Државни хартии од вредност | број на емисии во 2016 година | износ (МКД) |
|---|---|---|
| нови емисии на тримесечни записи | 7 | 2.068.000.000 |
| нови емисии на шестмесечни записи | 15 | 12.353.800.000 |
| нови емисии на едногодишни записи | 21 | 36.568.020.000 |
| нови емисии на континуирани државни обврзници | 29 | 9.106.470.000 |
| **Вкупно** | **72** | **60.096.290.000** |

| | | |
|---|---|---|
| емисии на доспеани тримесечни записи | 11 | 3.221.700.000 |
| емисии на доспеани шестмесечни записи | 16 | 15.632.200.000 |
| емисии на доспеани едногодишни записи | 24 | 29.800.470.000 |

| | | |
|---|---|---|
| пресметани купони и главници од континуирани државни обврзници | 137 | 10.194.474.615 |
| **Вкупно** | **188** | **58.848.844.615** |

Во доменот на регистрирањето и водењето на обврзници чиј издавач е Министерството за финансии на Република Македонија, извршени се повеќе активности.

- Во текот на 2016 е запишана и структурната обрзница – Обврзници за денационализација од Петнаесеттата емисија. Обврзницата е издадена со износ од 12.000.000 евра, а регистрирани се обврзници на 735 физички лица и на 23 верски објекти.
- Извршена е пресметка на рати и камати по основ на Обврзници за денационализација од петта до четиринаесетта емисија. Истовремено целосно е доспеана Петтата емисија на обврзници за денационализација.

### ❖ Овозможување на право на увид во акционерска книга

Согласно одредбите на Законот за трговските друштва, Депозитарот им овозможува на заинтересираните акционери увид во акционерските книги кај друштвата кај кои поседуваат акции и/или издавање копија од акционерска книга. По тој основ, во 2016 година во Депозитарот се спроведени следните активности:

| | |
|---|---|
| Извршен увид во акционерска книга | 30 |
| Копија од акционерска книга | 61 |

### ❖ Известувања согласно Законот за хартии од вредност и Правилата на Депозитарот

На почетокот на 2016 година беше реализирана обврската на Депозитарот за испраќање на акционерските книги во електронска форма на акционерските друштва кои се водат во неговата база на податоци. Беа испратени 322 акционерски книги (по ИСИН број) до 303 акционерски друштва со состојба на 31.12.2015г. Во насока на обезбедување на податоците во акционерските книги кои содржат лични податоци на акционерите, кои бараат високо ниво на заштита согласно Правилникот за технички и организациони мерки за заштита на лични податоци, при пренесување на медиуми кои содржат лични податоци за кои е утврдено високо ниво на технички и организациски мерки (ЕМБГ) надвор од работните простории, ЦДХВ е должен да применува мерки кои се состојат од криптирање на податоците при преносот. Со таа цел акционерските книги беа доставени во форма на компримиран и заштитен zip. документ, по што беше дистрибуирана и лозинка за отварање на документот. Бројот на испратени акционерски книги е значително помал од претходните години поради стапувањето на сила на Измените на Правилата за работа каде во точката 6.2 се уредува дека бесплатна акционерска книга со состојба 31.12. од претходната година не се доставува до акционерските друштва со пасивен статус и до издавачи кои не ги намириле обврските по основ на годишен надомест за водење на издадените хартии од вредност за претходната година.

Согласно Законот за хартии од вредност, при регистрирање на хартиите од вредност и при секоја настаната промена на сопственоста, Депозитарот е должен на сопственикот на хартии од вредност да му достави извод од состојбата на сметка на хартии од вредност, без надоместок и во рок од пет работни дена од регистрирањето, односно настанувањето на промената. По овој основ во текот на 2016 година до имателите беа испратени 11.487 известувања.

Со регистрирањето на Петнаесеттата емисија на обврзници за денационализација, до имателите се испратени 760 известувања.

❖ **Соработка со Фондот за ПИОМ**

Во текот на 2016 година е продолжена соработката со Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Република Македонија. Во текот на годината на Берзата се спроведени седум јавни берзански аукции со акции и удели во сопственост на ФПИОМ, за кои Депозитарот изврши претходни проверки. Во врска со тоа, порамнети се 13 трговски трансакции, а веднаш по порамнувањето на емисиите на приоритетни акции е применета одредбата од член 19 од Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал (Службен весник на РМ бр. 38/93, 48/93, 21/98, 25/99, 39/99, 81/99, 49/00,6/02, 31/03, 38/04, 35/06, 84/07, 123/2012) со кој акциите со продажбата се претвораат во обични.

# Членки на Депозитарот

Во текот на 2016 година бројот на активни членки на Депозитарот изнесуваше 10 членки, од кои на почетокот на годината 6 членки беа брокерски куќи, а 4 банки. Во првиот квартал на 2016 година настана промена на структурата на членките, со тоа што крајната состојба на членството на Депозитарот на 31.12.2016 година повторно е 10 активни членки, од кои 5 членки се банки и 5 брокерски куќи.

Имено, во јануари 2016 година согласно Решението на Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија трајно беше одземена дозволата за работа со хартии од вредност на членката Поштел брокер АД Скопје поради престанок на правното лице со што и престана членството во Депозитарот, додека пак во февруари 2016 година Одборот на директори на Депозитарот донесе Одлука за прием на Еуростандард банка АД Скопје во членство во ЦДХВ АД Скопје.

| | Код на учесник | Назив | 01.01.2016 | 31.12.2016 |
|---|---|---|---|---|
| 1 | ЕХ | ЕУРОХАУС АД СКОПЈЕ | √ | √ |
| 2 | ИЛ | ИЛИРИКА ИНВЕСТМЕНТС АД СКОПЈЕ | √ | √ |
| 3 | ИН | ИНОВО БРОКЕР АД СКОПЈЕ | √ | √ |
| 4 | КБ | КОМЕРЦИЈАЛНА БАНКА АД СКОПЈЕ | √ | √ |
| 5 | МИ | ИНВЕСТ БРОКЕР АД | √ | √ |
| | ПТ | ПОШТЕЛ БРОКЕР АД СКОПЈЕ | √ | x |
| 6 | ЕС | ЕУРОСТАНДАРД БАНКА АД СКОПЈЕ | x | √ |
| 7 | СБ | СТОПАНСКА БАНКА А.Д. СКОПЈЕ | √ | √ |
| 8 | ТК | ТТК БАНКА АД СКОПЈЕ | √ | √ |
| 9 | ТН | НЛБ ТУТУНСКА БАНКА АД СКОПЈЕ | √ | √ |
| 10 | ФР | ФЕРШПЕД-БРОКЕР АД СКОПЈЕ | √ | √ |

На 29.12.2016 година, Одборот на директори на Депозитарот донесе Одлука за прием на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје во членство во Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје, која одлука влезе во сила со денот на донесувањето, и со примена откако Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје ќе достави доказ до Депозитарот дека е членка на Македонска берза АД Скопје. Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје ќе започне да ги користи правата од членство во Депозитарот во согласност со член 6 од Правилата за членство на Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје, по исполнувањето на предвидените услови во тој член од Правилата, како активности пренесени за реализација во 2017 година.

**Теренски контроли на членките**

За потребите на спроведување на редовни годишни теренски контроли, во четвртиот квартал на 2016 г. Извршниот директор донесе План за теренска контрола на членките на Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје за 2016 година и Упатство за начинот, времето, предметот, тимот и постапката за спроведување на теренска контрола на членки на Депозитарот за 2016 година. Постапувајќи по претходно наведените интерни акти за критериумите за избор на членки над кои ќе биде спроведена контрола и дефинираната постапка, беа извршени контроли кај две членки на Депозитарот. При извршените контроли, овластените лица за спроведување на контролите утврдија уредни состојби кај контролираните членки.

**Примена на Правилата за начинот на формирање и користење на Гарантниот фонд**

Во текот на 2016 година не беше спроведена ниту една постапка согласно Правилата за начинот на формирање и користење на Гарантниот фонд бидејќи во текот на годината не беа констатирани ненавремени уплати на парични средства за порамнување на берзански трансакции на сметките на членките на Депозитарот за порамнување.

Во текот на 2016 година немаше ниту една непорамнета трансакција.

Во текот на 2016 година беше реализирана една постапка за позајмување на хартии од вредност, согласно Правилникот за начинот и условите под кои депозитар на хартии од вредност овозможува позајмување на хартии од вредност (Сл. Весник на РМ бр. 6/2007).

# Активности во делот на информатичката технологија

Покрај основните активности кои беа извшувани во ЦДХВ во делот на информатичката технологија, а кои значеа одржување на функционалноста на системите на Депозитарот за извршување на неговите основни функции уредени со Законот за хартии од вредност и Правилата на Депозитарот, во текот на 2016 година беа преземени и следните активности:

## Развивање на WEB сервис за потребите на членките

Во првиот квартал од 2016 година беше пуштен во употреба новиот веб сервис кој беше развиен заради овозможување на побрз и автоматизиран проток на информации помеѓу информациската структура на Депозитарот и членките на Депозитарот, како и поради потребата од систем за размена на податоци помеѓу Депозитарот и апликациите за позадинско работење на членките на Депозитарот, во рамките на развивањето на новата back-office апликација на членките.

Со ова се овозможи директна комуникација на апликативните решенија на членките на Депозитарот т.е. имплементација на одредена бизнис логика врзана со работењето на Депозитарот директно во апликативните решенија на членките.

Со преземените активности на ЦДХВ овозможено е пренесувањето на податоците од електронскиот систем на Депозитарот да се одвива преку повикување на методи на WEB сервис, развиен и хостиран на страната на Депозитарот. Податоците се преземаат на барање на корисникот, преку клиентска апликација.

Преку овој сервис се овозможени пет функционалности на системот во базата на Депозитарот, а се однесуваат на:

- проверка на резервации
- регистрирање на нови резервации
- проверка на сите започнати трговски трансакции и порамнетите трансакции до два работни дена после порамнувањето,
- преглед на сите активни резервации,
- бришења на резервациите

Овој систем е флексибилен со можност за негова надградба со нови функционалности во иднина.

## Активности поврзани со реновирање на систем салата на Депозитарот

Како завршна активност со која се заокружи целиот проект на реновирање на систем салата на Депозитарот, во последниот квартал на 2015 година беше покрената иницијатива за набавка и инсталација на нов систем за гаснење на пожар во просторијата. Во 2016 година се пристапи кон прибирање на понуди и избор на понудувач за набавка на системот за детекција и гасење на пожар, по што следеа градежните работи за инсталација на системот кој се состои од детектори и прскалки кои ја покриваат целата хардверска опрема во систем салата на три нивоа. По сите инсталациони активности беше извршено тестирање на системот, по што системот на ППЗ беше во пуштен во приправна состојба. Исто така, беше изврши обука на вработените од ИТ дирекцијата за однесување и ракување со системот.

### Воспоставување на нови комуникациски линии

Поради воспоставување на новата мрежна инфраструктура, односно поради воспоставување на нова пристапна точка на членките на Депозитарот преку Неоклауд локацијата, во последниот квартал на 2015г. физички е воспоставена нова комуникациска врска од Депозитарот до Неоклауд преку операторот Неотел. Во првиот квартал 2016г. сите членки на Депозитарот се поврзаа во Неоклад околина, со што се создадоа услови целата податочна комуникација на Депозитарот со членките да се пренасочи преку новата сообраќајна инфраструктура.
Со оваа врска значително се подобри квалитетот и се забрза комуникацијата на членките со системот на Депозитарот.
Во врска со резервната линија до Македонската берза воспоставена е нова линија за поврзување со МБХВ. Во случај на испад на примарната комуникациска линија, системот е подесен автоматски да ја пренасочи комуникацијата преку бекап линијата до Македонската берза, а понатаму до Неоклауд и до членките, во случај на испад на примарната врска за поврзување со членките.

### Набавка на лиценциран софтвер

Во рамките на редовниот процес на следење на актуелните софтверски пакети и нивните гаранциски рокови пропишани од страна на софтверските компании, како и нивна имплементација во системот на ЦДХВ, во четвртиот квартал набавени се 10 лиценци за новите оперативни системи за персоналните компјутери MS Windows 10. Исто така, набавени се 18 лиценци за најновите софтверски пакети за деловно работење MS Office 2016, како и лиценца за Adobe Acrobat Professional. Во делот на осовременување, надградба и развој на нови софтверски решенија, функционалности и услуги на системот на ЦДХВ на нова платформа и користење на нови развојни алатки набавен е софтверски пакет MS Visual Studio Professional 2015 - 2 лиценци.
Обновена е лиценцата за годишно одржување на уредот CISCO кој претставува главен сообраќаен уред во размена на податоците помеѓу Депозитарот и Македонската берза, членките на Депозитарот како и врската со НБРМ во делот за порамнувањето на трговските трансакции.
Исто така, во текот на 2016 година спроведена е набавка и извршена е и обнова на лиценците за работа на уредот firewall, а обновена е и лиценцата за софтверскиот пакет за заштита од вируси.

### Набавка на хардверска и мрежна опрема

Заради континуирано одржување на компјутерската опрема во Депозитарот што е од особено значење за непречено функционирање на системот согласно *Програмата за работа на Централниот депозитар за хартии од вредност за 2016 година* се спроведоа активности за обновување на мрежно комуникациската опремата. Започната е постапка за набавка на четири нови свич премостувачи HP 1920-48G како замена и надградба на сегашната опрема која се користи во поврзувањето на мрежната инфраструктура на Депозитарот.
Како дел од активностите за одржување и обнова на хардверската опрема во четвртиот квартал набавени се 4 нови персонални компјутери и монитори како и резервни делови.

### Одржување на хардверска и мрежна опрема

Во текот на годината вршени се редовни тестирања на редундантноста на линиите за примарно и бекап поврзување на ЦДХВ со Платните системи во НБРМ.

Во третиот квартал извршено е редовно сервисирање на примарниот клима уред во систем салата.
Во новиот систем за Противпожарна заштита инсталирана е Сим картица за автоматско дојавување на пораки во случај на пожар во систем салата до вработените во ИТ Дирекцијата.
Направен е превентивен сервис на УПС уредите. УПС уредите се врзани во паралелен режим на работа при што е направена проверка на вентилаторите, преглед на лог фајловите за севкупното работење на уредите, софтверска проверка на мрежата на напонот (влезно-излезен), проверка на полначот на батериите и нивно време на автономија, отчитување на температурата на инвертерот, проверка на делењето на оптеретувањето помеѓу двата УПС уреди. По завршувањето на сервисот констатирано е дека УПС уредите се во добра работна состојба поврзани во паралелен режим на работа.
При контрола на работата на дизел агрегатот констатирано е дека акумулаторот на уредот не е во исправна состојба. Веднаш е извршена замена на неисправниот дел без никаков прекин на сите технички функционалности на Депозитарот.

**Развивање на сервиси за разменување на податоци помеѓу ЦДХВ и НБРМ**

Согласно потребата за проширување на сетот на податоците кои ЦДХВ ги испраќа до НБРМ според Договорот за разменување на податоци помеѓу ЦДХВ и НБРМ, со податоци за резиденти кои по електронски пат редовно се доставуваат до НБРМ, воспоставен е систем за испорака на податоците, развиени се и истестирани се процедури за генерирање на податоците.
Согласно договорот, Депозитарот го прошири сетот на податоци кој го диставува до НБРМ со уште две табели за сопственост на резидентите и табела за преноси по резиденти, на збирна основа, со секторизација (групирани по сектори и потсектори). Месечните податоци се доставуваат во рок од пет работни дена по истекот на извештајниот месец.
Размената на податоците помеѓу НБРМ и ЦДХВ, се одвива преку електронски систем развиен и одржуван од страна на НБРМ. Податоците кои се разменуваат се потпишуваат со користење на важечки дигитален сертификат издаден од овластен издавач на сертификати во Република Македонија и се енкриптирани при нивниот пренос. Преку овој систем, НБРМ до ЦДХВ испраќа податоци за институционални сектори на деловните субјекти, на месечна основа. Откако заврши фазата на тестирање, податоците за овие две табели се доставени и на годишно ниво за претходните три години.

# Правни и нормативни активности

## ❖ Изменување и дополнување на акти на Депозитарот кои подлежат на согласност од КХВ

### Тарифа на ЦДХВ АД Скопје

Иницираните активности во врска со донесувањето на нова *Тарифа на услугите што ги врши Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје за учесниците во работата на Депозитарот и корисниците на неговите услуги* кои беа започнати кон крајот на 2015, а прекинати од КХВ со задолжување за ЦДХВ да достави неревидирани финансиски извештаи за 2015 година, продолжија и во 2016 година.
Имено, веднаш по изработката на прелиминарните финансиски извештаи на ЦДХВ за 2015 година, истите беа испратени до КХВ, по што на крајот на месец февруари 2016 година Комисијата даде согласност на Тарифата на услугите што ги врши Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје за учесниците во работата на Депозитарот и корисниците на неговите услуги од 01.12.2015 година, со исклучок на три точки од Тарифата.
Со цел дефинирање на оптимален пристап за понатамошна активност на ЦДХВ во делот на дефинирање на измени на тарифните ставки за годишните надоместоци за водење на акционерските книги, во месец март беше одржан состанок на претставници на Одборот на Директори на ЦДХВ со Претседателот и членовите на КХВ. Врз основа на заклучоците од состанокот Депозитарот започна со изготвување на нови предлози за измена на Тарифата.
Притоа, предложен е нов концепт за утврдување на годишниот надоместок за водењето на акционерските книги. Како основа за моделирањето беа изготвени анализи за ефектите од корекција на износот на надоместоците за регистарските активности за износот на зголемувањето на PPI индексот од 39,38% за периодот од декември 2001 година до февруари 2016 година, компаративни прегледи за соодветните надоместоци на депозитарите во регионот, како и симулација на влијанието на новите надоместоци врз финансиското работење на Депозитарот. Овие анализи и предлози во втората половина на месец април 2016 година беа доставени до Комисијата за хартии од вредност за дискусија.
Во периодот што следеше беа остварени повеќе координативни состаноци со КХВ со цел дефинирање на нова методологија за утврдување на годишните надоместоци за водење на акционерските книги на издавачите на акции и беа изработени бројни анализи, кои резултираа со одлука на Одборот на директори на Депозитарот на 23.11.2016 година за изменување на Тарифата на услугите што ги врши Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје за учесниците во работата на Депозитарот и корисниците на неговите услуги.

Новините кои беа воведени со предметната Одлука се состоеја во следното:

- Концептот дефиниран со постојната тарифна ставка 1.1.3. со која годишниот надомест за водење на евиденција на акциите е определен како % од номиналната вредност на евидентираниот капитал на издавачот на акции се применува за сите издавачи на акции во Република Македонија, имајќи предвид дека ова е ситуација и со големиот дел од тарифниците на депозитарите во регионот.

- Согласно претходно наведеното, се напушта концептот дефиниран со постојната тарифна ставка 1.1.2. со која годишниот надомест за водење на евиденција на акциите е определен како % од пазарната капитализација на акциите.
- Износите утврдени во постојната тарифната ставка 1.1.3. од сегашната Тарифа се зголемуваат за 39,38%, што е еднакво на порастот на PPI индексот во периодот декември 2001-февруари 2016 година, со исклучок на утврдената горна граница за наплата на надоместокот, која е зголемена на истито процент од 39,38% но на основа од 78.000 денари што досега се применуваше само за акционерските друштва чии акции се тргуваа на Берзата.
- Годишниот надомест за водење на сметки на сопственици на акции утврден во актуелната тарифна ставка 1.1.4. се зголемува за 39,38%, со едновремено аплицирање на процентот на зголемувањето и на горната граница која се наплатува за овој надоместок;
- Годишниот надоместок за водење на акционерската книга за издавач со еден акционер се брише, со што се подведува под одредбите како за сите други акционерски друштва, а заради еднаков третман на овие акционерски друштва со останатите.

На 26.12.2016 година добиено е Решението на Комисијата за хартии од вредност РМ бр. УП1 08-89 од 16.12.2016 година со кое се дава согласност на измените на Тарифата, со примена на новите тарифни ставки од 01.01.2017 година.

**Правилата за членство на ЦДХВ АД Скопје и Правилата за работа на ЦДХВ АД Скопје**

По однос на примените Решенија на Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија на 30.12.2015 година со кои се дава согласност на измените и дополнувањата на Правилата за членство на ЦДХВ АД Скопје и Правилата за работа на ЦДХВ АД Скопје и со кои истовремено се задолжи Депозитарот да изврши технички корекции во предметните акти, Одборот на директори донесе одлуки за постапување, по што изготвен е пречистен текст на актите и истите се доставени до КХВ и објавени на WEB страницата на Депозитарот.

## ❖ Интерни упатства и процедури

**Упатство за користење на web сервисот на Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје**

На почетокот на 2016 година донесено е Упатство за користење на web сервисот на Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје за членките кои се берзански посредници. Ова Упатството е донесено врз основа на одредбите од Правилата за работа на Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје, а се однесува на можноста која е уредена со Правилата за работа пристапот до компјутерскиот систем на ЦДХВ членката да може да го остварува и преку друг електронски медиум за комуникација кој е компатибилен со компјутерскиот систем на ЦДХВ. Со упатството се дефинираат принципите на работа на системот на ЦДХВ, принципите за работа на веб сервисот, процедурите за работа со веб сервисот, начинот на пристап и типот на податоците до кои членката – берзански посредник може да пристапи користејќи го веб сервисот на ЦДХВ АД Скопје.

## Техничко упатство за утврдување и порамнување на трговски трансакции

Во месец февруари 2016 година беше донесено Техничко упатство за утврдување и порамнување на трговски трансакции. Ова Упатство ги содржи интерните постапки, како и опис на функционалноста за утврдување и порамнување во системот на ЦДХВ на трансакциите склучени на МБХВ, како и на трансакциите склучени на пазарите преку шалтер (ОТЦ). Дирекцијата за информатичка технологија е одговорна за интерните постапки кои се поврзани со утврдувањето и порамнувањето, додека Правилата и принципите на утврдувањето и порамнувањето на трансакциите се детално пропишани во Правилата за работа на ЦДХВ.

## Измена на сетот акти за заштита на личните податоци

Имајќи ја во предвид чуствителноста на податоците со кои располага Депозитарот, безбедноста на информацискиот систем и заштита на целокупниот систем на податоци кои ги обработува Депозитарот преставува еден од неговите врвните приоритети во работата. Од тие причини, на редовна основа се спроведуваат контроли кои произлегуваат од актуелната регулатива од областа на личните податоци, а дополнително и од страна на Одделението за внатрешна ревиија е спроведена ревизија. Сите овие механизми за проверка на усогласеноста на системот за заштита на личните податоци покажуваат дека истиот се карактеризира со висок степен на усогласеност, и дека неопходна е минимална интервенција во интерните акти со цел целосна усогласеност на нивната содржина со фактичката состојба. Од тие причини во текот на годината се работеше на измена на подоле наведените интерни акти:

- *Планот за создавање на технички и организациски мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци* – дополнување со бројот на пасошот за странски државјанин како категорија на личен податок кој го обработува Депозитарот.
- *Правилникот за техничките и организациските мерки за обезбедување на тајност и заштита на обработката на личните податоци*– измени во делот на примероците кои се предмет на контрола.
- *Правилата за определување на обврските и одговорностите на администраторот на информацискиот систем и на овластените лица при користење на документите и информатичко комуникациската опрема*- промени во вршењето на периодичните контроли.
- *Правилата за начинот на правење на сигурносна копија, архивирање и чување, како и за повторно враќање на зачуваните лични податоци*- дополнување со уредување на постапка за правење на сигурносни копии од евиденцијата за финансиското работење.

## Упатство за начинот на пополнување на роковниот штембил

Во Извештајот на внатрешниот ревизор во однос на канцелариското и архивското работење на Депозитарот дадена е препорака со цел да се олесни одвојувањето и уништувањето на документарниот материјал со кој располага Депозитарот да се започне со пополнување на роковен штембил. Постапувајќи во насока на

исполнување на оваа препорака, Извршниот директор донесе Упатство за начинот на пополнување на роковниот штембил во кое подетално е определен начинот и постапката за пополнување на штембилот, со цел да го олесни имплементирањето на оваа препорака од вработените во Депозитарот.

## ❖ Иницијатива на Депозитарот за измени во легислативата

Имајќи ги предвид искуствата од странски легислативи и потребите на индустријата, Депозитарот се обрати до Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија со образложени барања за иницирање на измени во Законот за хартии од вредност кои ќе опфатат 1) членство на старателските банки во Депозитарот на страната на паричното порамнување, 2) овозможување на флексибилна правна рамка за поврзување на Депозитарот со други депозитари или финансиски институции со цел прекугранично порамнување на трансакциите со хартии од вредност и 3) други нормативни подобрувања на актуелниот текст на Законот.

Во однос на втората тема, во обраќањето до КХВ беше истакнато дека се започнати неколку иницијативи за поврзување на овластените депозитари за хартии од вредност во регионот, како надополнување на проектот SeeLink. Во дискусиите се разгледуваат можности за директно или индиректно поврзување со други депозитари, но и можности за прекугранично порамнување на трговски трансакции, вклучително и преку други финансиски институции (интернационални банки), што би довело до потреба македонскиот Централен депозитар за хартии од вредност, во својот систем да води евиденција покрај за хартиите од вредност кои се издадени во Република Македонија и за хартии од вредност кои се издадени во други земји. Од ова понатаму ќе произлезе и потребата, Депозитарот да спроведува соодветни корпоративни дејства за хартии од вредност издадени од странски издавачи во име и за сметка на македонските вложувачи. Зависно од модалитетот на поврзувањето и обемот на соработка, ваквите активности претпоставуваат и потреба од отворање и водење на парични сметки на Депозитарот во странство во домашна валута или во девизи.

Оттука, беше истакнато дека за Депозитарот произлегуваат нови предизвици во поглед на развој на нови услуги, развој на постоечките услуги и усогласување со меѓународните практики, со што македонскиот пазар на хартии од вредност во целост би можел да го подигне своето работење на едно повисоко ниво. Овие нови активности и потенцијалните нови услуги бараат не само соодветни прилагодувања за институцијата на техничко ниво, туку, пред се, прилагодување на правната рамка како основа. Во моментов, актуелната законска и подзаконска регулатива во Република Македонија не предвидува одредби во однос на воспоставувањето на форми на соработка на депозитарот со други депозитари и институции, ниту пак предвидува начини за реализација на порамнување на прекугранични трансакции од страна на депозитарот, но постојните законски решенија утврдуваат или упатуваат на ограничувања за Депозитарот во однос на обемот на активностите кои истиот може да ги врши.

## ❖ Известувања до Комисијата за хартии од вредност на РМ

Во текот на 2016 година Депозитарот редовно и навремено ги доставуваше до КХВ со закон и со правилници пропишаните известувања:

- Известувања за стекнати повеќе од 5% на хартии од вредност издадени од акционерско друштво со посебни обврски за известување и котирани акционерски друштва
- Известувања за новоиздадени хартии од вредност
- Месечени извештаи за работењето на ЦДХВ АД Скопје
- Известувања во однос на уписи, бришења и ажурирања на Регистарот на акционерски друштва со посебни обврски за известување

Воедно, во повеќе наврати, на ad hock основа, Депозитарот на барање на КХВ доставуваше податоци за евидентирани состојби во неговиот систем.

## ❖ Одржани акционерски собранија

На 26.05.2016 година беше одржана 21-та седница на Годишно собрание на акционери на ЦДХВ. Собранието во рамките на своите надлежности, во согласност со Законот за хартии од вредност, Законот за трговски друштва и Статутот на ЦДХВ, одлучуваше по однос на следните материјали:

1. Извештај за работата на Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје за 2015 година.
2. Извештај за работата на Одборот на директори на Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје за 2015 година, колективно и од аспект на поединечни членови,
3. Годишна сметка на Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје за 2015 година.
4. Финансиски извештаи на Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје за 2015 година, ревидирани од овластено ревизорско друштво со Извештај од овластен ревизор за ревизијата на финансиските извештаи за 2015 година и Извештај од неизвршните членови на Одборот на директори за резултати од извршената контрола.
5. Одлука за покривање на загубата оставарена по годишната сметка за 2015 година.
6. Годишен извештај за работењето на Одделението за внатрешна ревизија за 2015 година.
7. Одлука за назначување овластен ревизор за ревизија на Финансиските извештаи на Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје за 2016 година.
8. Програма за работа на Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје за 2016 година.
9. Известување за поднесена оставка на член на Одборот на директори на ЦДХВ АД Скопје.
10. Одлука за избор на неизвршен член на Одборот на директори на ЦДХВ АД Скопје.

### ❖ Активности поврзани со добивање на имотен лист на ЦДХВ за просторот во Комплекс банки

На иницијатива на Депозитарот, во октомври 2016 година одржан е состанок со преставници на Министерството за финансии и Државното правобранителство во врска со понатамошниот тек на постапката за стекнување на имотен лист на Депозитарот за деловниот простор кој го користи во Комплекс Банки, со оглед дека откако во ноември 2015 година Депозитарот достави на мислење до надлежните институции Предлог-Тужба за утврдување на сопственоста на просторот не е добиена повратна информација. На состанокот од страна на преставниците на институциите беше укажано дека статусот на имотот единствено може да се реши по пат на судска постапка во која Депозитарот ќе поднесе тужба за утврдување на правото на сопственост во која ќе се бара стекнување на правото на сопственост на деловниот простор кој 14 години го владее континуирано и непречено со прилог ново судско вештачење и нов Геодетски елаборат, а Република Македонија повод тужбата за разликите во квадратурата кои Депозитарот ги владее ќе достави противтужба исто така со вештачење, па со соочување на двете тужбени барања ќе се утврди квадратурата која се доделува на Депозитарот и потребата за доплаќање. Се очекува овие активности да продолжат и во 2017 година.

### ❖ Активности во врска со наплата на ненаплатените побарувања

Поради својата законска обврска да ги води акционерските книга на сите издавачи регистирани во Р. Македонија, Депозитарот се соочува со ситуации дел од издавачите да не ја подмируваат својата обврска за водење на акционерска книга, а Депозитарот од аспект на заштита на правата на акционерите не е во можност да ги острани акционерските книги на овие издавачи од активниот систем на Депозитарот поради неплаќање на нивните обврски. Ваквата поставеност на работите доведува до ситуација за сите издавачи чиишто акционерски книги се евидентирани во Депозитарот редовно да се доставуваат фактури во кои е вкалкулиран надоместок за водење на акционерска книга, што на крајот резултира со акумулирани ненаплатени побарувања на Депозитарот, со дополнителни даночни импликации.

Врз основа на започнатите постапки пред нотар за утврдување на долг за 13 должници на ЦДХВ во последниот кватрал во 2015 година, сите постапки завршија во корист на доверителот ЦДХВ. Од сите 13 донесени решенија 11 станаа веднаш правосилни и извршни, освен две решенија за кои е доставен приговор до Основниот суд Скопје II – Скопје. Со цел избегнување на пролонгирање на можностите за наплата, од страна на Стручната служба превземени се активности за решавање на судските спорови со овие должници по пат на преговори по што со двата должника беше постигнат консензус за подмирување на основниот долг и нотарските трошоци така што двете судски постапки резултираа само со по едно рочиште. При одлучувањето за ослободување од износот на камата за двете друштва Депозитарот ја имаше во предвид нарушената ликвидност на должниците како објективна пречка за реализација на наплатата и ефектите кои ќе се постигнат со наплатувањето на главниот долг и трошоците на постапката.

## ❖ Други правни и нормативни активности

- Во текот на 2016 година, Депозитарот во својство на тужен беше странка во три судски постапки започнати изминатите години, од кои една постапка беше во прекин поради смрт на тужителот и истата продолжи во месец декември 2016 година. Заклучно со 31.12.2016 година пред судови активни беа три постапки со заведена вредност на споровите од 37.686.986 денари. Спред проценка на менаџментот на Депозитарот, овие судски спорови треба да завршат во корист на Депозитарот и по истите не се очекуваат значајни идни обврски.

- Во текот на месец јануари 2016 година е спроведена вонредна контрола на работењето на ЦДХВ од страна на Комисијата за хартии од вредност. Основна цел на контролата беше утврдувањето на вкупната номинална вредност на сите запишани долгорочни хартии од вредност во ЦДХВ на последниот дена на тргување во 2015 година, што преставува основ за плаќање на надомест за надзор согласно Тарифникот на Комисијата. При извршувањето на контролата, согласно Записникот беше земена како основа за пресметка целокупната номинална вредност на сите запишани долгорочни хартии од вредност во ЦДХВ АД Скопје, со состојба на ден 30.12.2015 година и покрај барањето на ЦДХВ да не биде земен во предвид износот на државни хартии од вредност со кои не котираат на овластена берза. Во текот на месец февруари примена е пресметка за регулаторниот надомест за 2016 година на вкупен годишен износ од 10.842.180 денари, без корекции во однос на досегашниот начин на пресметка.

- Во првата половина на 2016 година се склучи нов Договор со НБРМ за доставување на податоци за цели уредени согласно Законот за Народната банка на Република Македонија, со кој е уредено доставување на податоци кои ЦДХВ веќе ги доставува до НБРМ проширени со нови месечни податоци за резидентите. Поради одредбите на ЗХВ, податоците ќе се доставуваат без идентификација на резидентите, групирани согласно методологија од Државниот завод за статистика, по друштва и по трансакции.

- Стручната Служба на ЦДХВ изработи анализа за потребите на дефинирање на листата на акционерски друштва на кои ЦДХВ ќе им одобри попуст на годишните членарини за водењето на акционерските книги, за акционерски друштва кои исполнуваат утврдени критериуми (дефинирани преку статусот на друштвото евидентиран во ЦРМ, период на блокада на трансакциските сметки на друштвото, долгот на друштвото на листите што ги објавува УЈП), која беше усвоена од Одборот на директори на ЦДХВ. Беа известени 30 акционерски друштва за одобрен попуст согласно одлука на Одборот на директори и до истите беа доставени фактури за 2016 година со попуст.

- Согласно обврската од Законот за заштита на личните податоци со кој е утврдено на секои три години компаниите кои обработуваат лични податоци да спроведат надворешна контрола од страна на овластено надворешно лице, во 2016 година од страна на надворешна консултантска куќа е спроведена контрола на системот за заштита на личните податоци во Депозитарот. Во добиениот Извештај од овластеното надворешно лице не се утврдени неусогласености во системот на Депозитарот. Во текот на месец декември 2016 година формиран е и тим од страна на вработени лица за вршење на контрола во однос на функционирањето на целокупниот систем за заштита на личните податоци во текот на 2016 година што е обврска за Депозитарот утврдена со актите за заштита на лични податоци.

- Извршниот директор на ЦДХВ во текот на месец ноември донесе Одлука за формирање на Комисија за изработка на План на архивски знаци за распоредување на актите на Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје за 2017 година, со прилог Листа на архивски материјал на Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје за 2017 година и Листа на документарен материјал со рокови на негово чување на Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје за 2017 година. По изготвувањето на актите, согласно Законот за архивско работење, истите во предвидениот рок беа доставени до Државниот архив на Република Македонија. кој во месец декември достави Решение до ЦДХВ со кое се дава согласност на предметните акти.

- Во текот на 2016 година Депозитарот постапуваше по барања за информации доставувани од Управата за јавни приходи, Агенцијата за финансико разузнавање, Државното правобранителство, судови, овластени извршители, стечајни управници, Управата за финансиско разузнавање и други институции. Доставувани се одговори на барања и на поединци и акционерски друштва.

## Развивање на нови услуги

На 21.06.2016 година Депозитарот склучи договор со Окта АД Скопје за меѓусебна соработка во постапка за пресметка и исплата на дивиденда на акционерите на Окта АД Скопје. Предмет на овој Договор е вршење на услуги од Депозитарот за сметка на ОКТА АД-Скопје, а особено:

1. пресметка на дивиденда и соодветните даноци кои произлегуваат од исплатата на дивидендата
2. исплата на дивиденда на акционерите на ОКТА АД-Скопје
3. задржување, исплата на соодветните даноци кои произлегуваат од исплатата на дивидендата како и поднесување на законски пропишани обрасци за извршената исплата на даноци до Управата за јавни приходи на Република Македонија согласно договорот и
4. доставување на известувања поврзани со корпоративно дејство – исплата на дивиденда како и известувања за платениот данок до акционерите на ОКТА АД-Скопје.

Услугата за исплата на дивиденда со посредство на Депозитарот се користи од едно акционерско друштво за прв од основањето на Депозитарот, поради што беа превземени поголем број активности

- o проучување на релевантните прописи и процеси
- o состаноци со УЈП, НБРМ околу разрешување на наметнати дилеми,
- o конципирање на понуда до исплатувачот на дивиденда,
- o конципирање на текст на договор за соработка во постапката на пресметка и исплата на дивиденда,
- o медиумско промовирање на оваа услуга.

Врз основа на одредбите на Договорот, во текот на јуни 2016, Депозитарот достави известувања до сите акционери на Окта АД Скопје со информации за постапката за доставување на податоци за банковни сметки до Депозитарот и започна со внес на податоците на сметките за хартии од вредност на акционерите.

Во Дирекцијата за Информатичка технологија развиени се процедури за пресметка на дивиденда и данок и процедури за автоматско генерирање на Swift пораки за нивна исплата како и автоматско генерирање на известувањата за исплатите до сите акционери. Во третиот квартал 2016г. извршени се исплати на акционерите како и исплата на данок кон државата во три рока и тоа на 25.07.2016г., 30.08.2016г. и 30.09.2016г. Исплатени се вкупно 1.137 акционери иматели на 838.548 акции, со вредност на исплатите од 61.214.004 МКД. Неисплатени се 263 акционери со 7.812 акции во вредност од 570.276 МКД, поради недоставени податоци за банковни сметки до Депозтарот. Преостанатиот износ на паричните средства кој не е исплатен, во октомври 2016 година е вратен на сметката на издавачот Окта АД Скопје.

Потоа, до Окта АД Скопје беше пратено известување за спроведените активности од страна на Депозитарот. Врз основа на договореното, во текот на 2017 година за Депозитарот остануваат за реализација активности за доставување на известувања на акционерите на Окта АД Скопје за даночни цели и доставување на ПДД-ГИ извештај до Управата за јавни приходи.

# Меѓународна соработка

Во текот на 2016 година, Депозитарот беше во постојана комуникација со меѓународните организации во кои членува како полноправна или асоцијативна членка. Во текот на годината реализирани се следните позначајни активности во доменот на меѓународната соработка:

Соработка со ANNA (Association of National Numbering Agencies):

- На почетокот на 2016 година се доставени годишни извештаи за работата на Депозитарот по однапред утврдени прашалници до ANNA - ANNA Annual Report 2015.
- Во текот на годината Депозитарот редовно ги извршуваше своите обврски кон ANNA преку испраќање на податоци на дневна основа.
- Испратен е одговор на истражувањето на ANNA за принципот на доделување на ИСИН броеви
- Во почетокот на Јуни 2016, претставник на Депозитарот присуствуваше на редовното годишно собрание на ANNA, кое се одржа во Ереван, Ерменија. На годишното собрание на асоцијацијата беше утврден годишниот буџет, а беа донесени и други одлуки поврзани со начинот на управување на ANNA Service Bureau (посебен сегмент во рамките на Асоцијацијата кој собира податоци од сите институции кои издаваат ИСИН броеви согласно ISO 6166 и CFI кодови согласно ISO 10962 и потоа ги дистрибуира податоците до заинтересирани субјекти). На состанокот беа презентирани и информации за вклученоста на ANNA во иницијативата за доделување на уникатен идентификатор на правни лица (LEI) согласно ISO 17442.
- На 1 и 2 декември 2016г во Банкок, Тајланд се одржа вонредното годишно собрание на ANNA. ЦДХВ го овласти Central Securities Depository of Poland (KDPW - SA) да го застапува на собранието. На собранието на ANNA беа донесени повеќе резолуции, а меѓу позначајните е планираниот почеток на имплеменатиција на новиот ISO 18774 FISN (Financial Instrument Short Name), како и ревидираниот ISO 10962 CFI code стандард. Почетокот на примена на овие стандарди е предвиден за 01.07.2017г. На собранието беше усвоена и резолуција за зголемување на годишниот надоместок за членство кој за 2017 година ќе изнесува 4000 евра. Причини за зголемувањето на надоместокот е воспоставување на Derivatives Service Bureau (DSB), целосно автоматизиран генератор на ИСИН броеви за ОТЦ деривативи, како и ангажирање на професионален директор на ANNA
- На 13.12.2016г е испратен мастер фајл со користење на новиот формат на испраќање на податоци до ANNA Service Bureau, како дел од ANNA – Асоцијацијата на национални нумерички агенции. Испратениот Мастер фајл содржи податоци за 2308 емисии на хартии од вредност, како и податоци за 4 индекси (МБИ10, ОМБ, SEELINX и SEELINX EWI).

Соработка со ECSDA (Асоцијацијата на централни депозитари од Европа)

- На почетокот на 2016 година до ECSDA се доставени годишни извештаи за работата на Депозитарот по однапред утврдени прашалници (ECSDA Database for 2015).

- Извршниот директор присуствуваше на годишното собрание на ECSDA на состанокот на Одборот на директори на ECSDA кое се одржа во Варшава, Полска во мај 2016.
- Во текот на годината Депозитарот тековно комуницираше со ECSDA и учествуваше во истражувањата и работата на Асоцијацијата

Соработка со регионални депозитари

- На покана на Македонска Берза АД Скопје и Athens Exchange Group, претставници на ЦДХВ учествуваа на работен состанок во Солун, Грција на 19 јули, на кој беа извршени презентации на македонскиот и грчкиот депозитар и се дискутираше за можностите и модалитетите на вклучување на регионалните депозитари во процесот на порамнување на трговски трансакции склучени преку платформата SEE LINK.

Членство во FEAS

- Имајќи ја предвид промената што настана во начинот на функционирање и финансирање на FEAS, укинувањето на поволностите од членството што претходно му беа на располагање на Депозитарот, појавата на финансиски проблеми во Федерацијата, како и можноста од повлекување од FEAS на неколку европски берзи, се отвори прашањето за опортуноста од понатамошното членување на Депозитарот во оваа Федерација. При отворањето на ова прашање се имаше предвид и следното: Депозитарот од 2012 година е придружна членка на ECSDA, каде надоместот за годишното членство во оваа Асоцијација во наредниот период ќе се зголеми. Членството во ECSDA на ЦДХВ АД Скопје му овозможува присуство на настани на кои се дискутира за значајни новини во работењето на европските депозитар поврзани со регулативата и со најдобрите практики за работењето на Депозитарот и пристап до информации од поширoката сфера на работењето на депозитарите. Согласно одлуката на Одборот на директори на ЦДХВ, Депозитарот испрати барање до FEAS за трансформација на статусот на Депозитарот од “придружна членка” во “набљудувач” за период од три години, за кој период нема да се плаќа надоместок, а доколку истото не е прифатливо за FEAS, барањето да добие третман за барање за престанок на членство во оваа федерација. Генералното собрание на FEAS се одржа на 16 и 17 ноември 2016 година, каде барањето на ЦДХВ беше вградено во дневниот ред на Собранието. До крајот на годината, ЦДХВ не доби информација од FEAS за неговата одлука во однос на поднесеното барање.

Друга меѓународна соработка

- На покана на Македонска Берза АД Скопје, а врз основа на истакнатата потреба на поширoката заедница од регионот да бидат презентирани системите и процедурите за порамнување на трговски трансакции на регионалните депозитари пред субјектите кои учествуваат во развивањето на проектот СЕЕ Линк, на 15/03/2016 во Белград Извршниот директор изврши презентација на организацијата и работењето на ЦДХВ, начините на порамнувањето на трговските трансакции, работењето со сметки во ЦДХВ и други аспекти од работата на Депозитарот, пред претставници на брокерски куќи, банки и депозитари од Бугарија, Хрватска и Србија.

- Светскиот форум на депозитари (WFC) во соработка со регионалните асоцијации на депозитари (ECSDA, AMEDA, ACSDA, AECSD, ECG) создаде онлајн алатка WFC Single Disclosure чија намена е да им овозможи на депозитарите да изготвуваат и објавуваат извештаи за својата дејност користејки еден хармонизиран начин обединувајќи ги извештаите на Асоцијацијата на глобални старатели и CPMI-IOSCO принципите за инфраструктурите за финансиски пазари. По препорака на ECSDA, Депозитарот се приклучи кон овој начин на известување, при што првиот извештај се проследи до WFC на 31.10.2016г.

- На барање на Raiffeisen Bank, беше одржана средба помеѓу нивни претставници и претставници на Депозитарот на која беше презентирана работата на ЦДХВ со посебен акцент на начинот на порамнување на трансакциите со хартии од вредност во Македонија. Иницијативата на Raifffeisen Bank е со цел запознавање на системите на порамнување во повеќе земји во регионот каде банката има свои подружници, но и таму каде што нема, заради можна соработка со депозитарите при нудење на нивната услуга/сервис за прекугранично порамнување на трансакции со хартии од вредност, со што би се постигнал ефект на поврзување на ЦДХВ со некои од регионалните депозитари. Развојот на такво решение би значело и финализирање на склучените трансакции преку платформата SEE Link на начин што учесниците во тие трансакции би добивале услуги за порамнување и корпоративни дејства за сите хартии од вредност кои ги поседуваат од издавачи кои се со седишта во различни земји од регионот, на поефикасен начин, што би значело и намалување на трошоците на инвеститорите за инвестициски услуги. Врз основа на извршените состаноци со регионалните депозитари, присутните претставници на Raiffeisen Bank најавија дека во текот на првите месеци од 2017 година би можеле да излезат со конкретен предлог и понуда до регионалните депозитари за реализација на процес на порамнување на прекугранични трансакции за платформата SEE Link, а дека платформата за порамнување би можело да се очекува да биде функционална до декември 2017 година.

# Активности за обезбедување на грант за развој на електронски дистрибутивен систем на ЦДХВ

- **I фаза од Проектот за развој на дистрибутивен систем – Изработка на Стратегија и план за набавки**

Во текот на 2016 година активно се работеше на реализацијата на активностите во врска со првата фаза од *Проектот за функционална надградба на Депозитарот*, кој е финансиран од страна на ЕБРД.

На почетокот беше извршен избор на консултаното, Value Creation Services AS Norwey, и беа отворени преговорите со избраниот консултант, во рамките на кои беа дефинирани опфатот на Проектот, опфатот на Технолошката стратегија, динамиката на реализација на проектот и очекуваните резултати.

На 22-ри март 2016 година, Европската банка за обнова и развој и ЦДХВ го потпишаа Договор за Грант за поддршка на првата фаза од Проектот за функционална надградба на Депозитарот. На самото потпишување присуствуваше и преставник од ЕБРД од Лондон. На истиот ден потпишан е договор и со норвешката компанија VCS AS Norwey која е избрана за обезбедување на консултантските услуги во оваа фаза од проектот. Веднаш по потпишувањето од страна на Извршниот директор беше формиран тим од вработени во Депозитарот кои ќе работат на имплементација на Проектот и ќе соработуваат со избраните консултанти, а превземени се промотивни активности со цел запознавање на јавноста за заложбите за модернизација на ЦДХВ.

На почетокот на месец јуни, од страна на Консултантот е доставена Анализата на разлики (GAP Analysis) во која е дадена анализа на тековната состојба на Депозитарот во однос на Принципите на инфраструктурите на финансиските пазари (Principles of financial market infrastructures - IOSCO 2012) како и во однос на најдобрите пазарни практики. Анализата на разлики е усвоена од страна на Депозитарот и истата претставува појдовна точка за изработка на Технолошката стратегија.
На 10.07.2016г од страна на Консултантот VCS AS е доставена финалната верзија на Технолошката стратегија која ги содржи и коментарите од страна на Депозитарот, особено во делот на спецификацијата на потребниот хардвер и софтвер за изработка на Порталот за инвеститори и издавачи. На 15.07.2016 истата е прифатена од страна на ЦДХВ.

Во рамките на првата фаза на пректот беше изработена и тендерската документација и барања за реализацијата на втората фаза од проектот – Имплементација на веб портали за електронска дистрибуција на информации до инвеститорите и издавачите на хартии од вредност.

ЦДХВ имаше активна улога во продуцирањето на наведените документи преку коментари и дополнувања на секој од документите.

Во периодот од 26-30.09.2016г Консултантот, согласно планот за имплементација на првата фаза од проектот, одржа работилници во присуство на вработени на

депозитарот и членови на Одборот на директори на Депозитарот. На работилниците беа презентирани клучните документи - Анализата на разлики (GAP Analysis) и Технолошката стратегија. За време на деновите на престој на Консултантите беа водени повеќе дискусии на теми како што се поврзување на Депизитарот со други депозитари во регионот и пошироко, наредните чекори потребни за спроведување на краткорочната и долгорочната технолошка стратегија на Депозитарот, потребни измени во актите и документите на Депозитарот на Депозитарот итн.

Во однос на I-та фаза од Проектот, во текот на месец октомври беше доставен, а потоа и усвоен, Финалниот извештај за првата фаза од Проектот за функционалната надградба на Депозитарот. Со усвојувањето на Финалниот извештај, Проектот за функционална надградба - Фаза 1 - Strategy Scoping an Procurement Support - успешно беше завршен во рамки на предвидениот рок 28.10.2016 година.

Трите главни извештаи кои се продуцираа со Проектот: Анализата на разлики (GAP Analysis), Технолошката стратегија и Финалниот извештај се документи кои ќе му помогнат на Депозитарот во дефинирањето на стратегијата за развој за понатамошниот период и даваат насоки и предлози за чекорите кои треба да ги преземе ЦДХВ за понатамошно подобрување на своето работење во однос на светските страндарди и практики за ваков тип на институции.

Вредноста на првата фаза на пректот изнесуваше 60.000 евра. Сите фактури заедно со Изјавите за одобрување од страна на ЦДХВ за секоја фактура поединечно се доставени до ЕБРД која изврши исплата на фактурите во предвидените рокови.

Централната база на податоци за странска помош при Владата на РМ овозможува регистрирање на сите проекти/донации во РМ финансирани со неповратни парични средства од странски донатори (грантови/донации). Кај ваквите проекти/донации, финансирани со неповратни парични средства на странски донатори за кои постои соодветен Договор помеѓу Владата на Република Македонија и странскиот донатор, а во кој договор е експлицитно предвидено дека со донираните средства не смее да се плаќаат увозни давачки, даноци и акцизи во Република Македонија - постои одобрена Постапка за ослободување од царински, акцизни и други увозни давачки и/или ослободување од данок на додадена вредност (ДДВ) на промет на добра и услуги, при набавки на добра и услуги, како и увози на добра и опрема за официјалните потреби на самиот Проект/Донација. За целите на даночно ослободување во текот на траењето на проектот од страна на Депозитарот се извршени следниве активности:

- На 12.05.2016г Проектот е регистриран во Централната база на податоци за странска помош при Владата на Република Македонија (Секретаријатот за европски прашања)
- На 16.05.2016г, Проектот е регистриран во Управата за јавни приходи како даночен обврзник - донаторски проект
- На 07.07.2016г е поднесено барање за даночно ослободување по основ на задржан данок за исплата на приход од консултантски услуги
- На 12.08.2016 Управата за јавни приходи достави Решение за даночно ослободување по основ на задржан данок за исплата на приход од консултантски услуги за износот на проектот од 60.000 евра во денарска противвредност.
- Во законски предвидените рокови се поднесени ДДВ- ЕПФ поднесоци со податоци за примените фактури од страна на Консултантот Value Creation Services.

## ❖ II фаза од Проектот за развој на дистрибутивен систем

За потребите на спроведување на II-та фаза од Проектот, во периодот од 11-15.07.2016г во присуство на Консултантот и претставникот на ЕБРД, изготвени се нацрт верзии на документите: Планот за набавка, Огласот за набавка и Условите за изработка на Порталот за инвеститори и издавачи. Во истиот период во комуникација со ЕБРД и со помош на претставникот на ЕБРД, усогласена е постапката за реализација на Втората фаза од проектот, при што е договорено набавката да се одвива во рамките на Набавка на консултантски услуги со што времето за избор на најповолниот понудувач е скратено на најмала можна мера, со цел за побрзо отпочнување на реализација на втората фаза.

Максималната вредност на оваа фаза од проектот е утврдена на 190.000 евра, од кои максимум 140.000 евра се грант од ЕБРД, а максимум 50.000 евра треба да бидат кофинансирани од Депозитарот. Огласот за набавка е објавен од страна на ЕБРД на 05.08.2016г, а крајниот рок за доставување на понудите во првата објавена верзија на Огласот беше до 05.09.2016, меѓутоа, на барање на одредени потенцијални понудувачи, истиот беше пролонгиран и беше поместен на 12.09.2016г. Заклучно со крајниот рок 12.09.2016 г. беа пристигнати 4 понуди од заинтересирани изведувачи. За целите на евалуација на пристигнатите понуди од кои треба да се изврши избор на компанија која ќе работи на изведба на соодветните информатички решенија за имплементација на Фаза 2 од Проектот, од страна Извршниот директор во месец септември формирана е Комисија за евалуација на пристигнатите понуди во чија работа учествуваа Извршниот директор, Претседателот на Одборот на директори на ЦДХВ АД Скопје, еден надворешен ИТ експерт и вработен во ЦДХВ-претседател на Комисијата (кој ја координираше работата на Комисијата без право на глас, а согласно процедурите на ЕБРД за спроведување на набавки).

На 18.11.2016 до ЕБРД се доставени резултатите од евалуацијата по што на 05.12. од ЕБРД добиено е известување дека е одобрена евалуацијата на најдобриот понудувач, со насока дека договорот кој ќе биде склучен со понудувачот неопходно е претходно да биде усогласен со ЕБРД. Веднаш потоа испратен е иницијален допис до најдобриот понудувач со кој фирмата е известена за извршениот избор како компанија на која и се нуди можност да работи на развивање на дистрибутивниот и на која ќе и биде понуден договорот за соработка.

Воедно, формиран е внатрешен проектен тим за реализацијата на Фаза 2 од Проектот „Развој и имплементација на дистрибутивниот систем на Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје" составен од сите раководители на дирекции во Депозитарот и одреден број други вработени во Депозитарот, определен е Проектен менаџер за имплементација на Проектот и Проектен менаџер на страната на ЦДХВ за развојот на софтверот за база на податоци во текот на имплементација на Проектот.

Во текот на месец декември Депозитарот беше во постојана комуникација со ЕБРД околу усогласување на текстот на Договорот за грант и Договорот со консултантот кој треба да биде понуден за потпишување на понудувачот. Пртиоа, се работеше на вградување на потребни специфични клаузули во текстовите на договорите, а активностите во врска со усогласувањето на тексот продолжуваат во текот од 2017 година, по што консултантсиот договор ќе биде доставен до избраниот понудувач за отварање на преговорите.

## Промотивни активности

- Со цел да се промовира улогата на ЦДХВ на пазарот на капитал и да се подигне свесноста кај поширокатa јавност за значењето на Депозитарот, на 01.07.2016 година од страна на НАША ТВ снимен е едночасовен прилог во кој се презентирани клучните аспекти од функционирањето на Депозитарот и услугите кои Депозитарот ги нуди за своите корисници. Во рамките на прилогот беа презентирани и напорите на Депозитарот за нови услуги, како што е стартувањето на дистрибутивниот систем на Депозитарот со кој ќе се модернизира неговото работењето на Депозитарот и ќе се обезбеди поедноставен и брз пристап до услугите.
- Извршниот директор на Депозитарот беше гостин-предавач на часови на постдипломски студии по покана на професор на Универзитетот Американ Колеџ во Скопје и на часови на додипломски студии по покана на професор на Економски факултет – Скопје при УКИМ, каде беше претставена проблематиката на работењето со хартии од вредност во РМ и Централниот депозитар за хартии од вредност.
- На покана на Централниот депозитар од Софија, Р. Бугарија, Извршниот директир на ЦДХВ присуствуваше на одбележувањето на 20 годишнината од основањето на оваа институција. Во рамките на активностите за одбележување на јубилејот беше организирана конференција со наслов "Добро корпоративно управување" на која, на еден од панелите, како панелист на темата "Развивање на регионалната соработка на полето на доброто корпоративно управување" свое излагање имаше извршниот директор на ЦДХВ АД Скопје.
- На покана на Erste Bank, Извршниот директир на ЦДХВ присуствуваше на четвртиот Erste Investors Breakfast кој се одржа во Скопје, при што во рамките на настанот како говорник имаше свое излагање на темата "Монетарната политика и инвестициите во регионот на југоисточна Европа" со осврт на темата на влијанието на монетарната политика на пазарот на хартии од вредност во регионот и во Македонија.

## Други позначајни активности во текот на 2016 година и информации

- Во првиот квартал на 2016г. беше интензивирана соработката со Групацијата за работење со хартии од вредност во врска со тогаш планираното започнување на функционирањето на СЕЕ Линк платформата за пренос на налози. Беа дискутирани отворени прашања во врска со начинот на работа на пазарните учесници со сметките за хартии од вредност и начинот на уплати и исплати од и во странство. Воедно, во врска со функционирањето на СЕЕ Линк платформата, на покана на Гувернерот на НБРМ Извршниот директори на ЦДХВ присуствуваше на состанок во НБРМ, заедно со Претседателот на КХВ и Извршниот директор на Берзата, на кој се дискутираше за повеќе аспекти поврзано со функционирањето на платформата и начинот на известувањето на НБРМ за реализираните трансакции.
- Во периодот 01-03.03.2016г претставници на Депозитарот учествуваа на работилница организирана од страна на „Проектот за натамошно хармонизирање со европското право на полето на движењата на капиталот и услугите на платен промет и финансиските услуги – пазарите на хартии од вредност и инвестициските услуги" чија цел беше да се презентираат првите нацрти на новиот Закон за финансиски

инструменти и Законот за проспекти на хартии од вредност и обврски на издавачите за обелоденување на информации, на корисниците на проектот (Министерството за финансии, НБРМ и КХВ), како и за претставници на Депозитарот и Берзата. На работилницита беа презентирани одредбите од европските директиви кои ќе бидат дел од новите закони.

- На 28-29-ти март 2016 година во Скопје се одржа 17-тата по ред годишна конференција на Македонската Берза на која присуствуваа преставници од ЦДХВ и обележувањето на 20-годишнината од првиот ден на тргување на Македонска берза. Централен настан на конференцијата беше пуштањето во употреба на регионалната платформа СЕЕ Линк, преку која се поврзани Бугарската, Загребската и Македонската берза, а во рамките на обележувањето на 20-годишнината од првиот ден на тргување на Македонска берза, на ЦДХВ му беше доделена плакета за успешна соработка.

## Примања на неизвршните членови на Одборот на директори на ЦДХВ АД Скопје

Одборот на Директори на ЦДХВ АД Скопје на 31.12.2016 година го сочинуваат следните неизвршни членови наведени во овој табеларен преглед:

| **Име и презиме** | **Работодавец / Дејност** | **Членство во органи на управување на други трговски друштва** |
|---|---|---|
| Антигона Буклеска Младеновиќ | Комерцијална Банка АД Скопје<br>Дејност:Банкарство | ЦДХВ АД Скопје, Претседател на Одбор на директори |
| Коста Костовски | Еуростандард Банка АД Сопје<br><br>Дејност:Банкарство | ➢ ЦДХВ АД Скопје неизвршен член на Одбор на директори,<br>➢ Македонска Берза АД Скопје, неизвршен член на Одбор на директори<br>➢ Негорски Бањи АД Негорци, неизвршен член на Одбор на директори |
| Гордана Дамеска | Шпаркасе банка Македонија АД Скопје<br>Дејност: Финансиско посредништво и банки | ➢ ЦДХВ АД Скопје, неизвршен член на Одбор на директори |
| М-р Драги Тасевски | НЛБ Банка АД Скопје<br>Дејност:Банкарство | ЦДХВ АД Скопје - неизвршен член на Одбор на директори |
| М-р Павле Гацов | Проагенс ДОО Скопје<br>Дејност: Издавање на стручни списанија и публикации | ЦДХВ АД Скопје - неизвршен независен член на Одбор на директори |
| Проф. др. Ванчо Узунов | УКИМ - Правен факултет<br>Дејност: Високо-образовна и научна установа | ➢ ЦДХВ АД Скопје - неизвршен независен член на Одбор на директори<br>➢ Македонија Турист АД Скопје член на Надзорниот одбор |
| Проф. др. Горан Петревски | УКИМ - Економски факултет<br>Дејност: Високо образование и научно-истражувачка работа | ЦДХВ АД Скопје-неизвршен независен член на Одбор на директори |

Неизвршните членови на Одборот на директори на ЦДХВ кои се вработени кај акционери на Депозитарот за својата работа во Одборот на директори на Депозитарот не добиваат надомест. Годишните примања за 2016 година на неизвршните независни членовите на Одборот на директори на ЦДХВ од членството во ЦДХВ на годишно ниво изнесуваат 180.000 денари нето износ по член. ЦДХВ АД Скопје на сите неизвршни членови на Одборот на директори во 2016 година им нема исплатено други надоместоци за членство во Одборот на директори по основ на бонуси, осигурување и други права.

Годишните примања за 2016 година на наведените членови на Одборот на директори на ЦДХВ по основ на плата на годишно ниво и надоместоци од плата кај соодветниот работодавец и по основ на бонуси, осигурувања и други реализирани права кај соодветниот работодавец (доколку се исплатени) се следните редоследно според табеларниот преглед: 1.171.091 денари плата и 35.627 денари надоместоци на плата; 2.286.814 денари плата; 1.165.870 денари плата и 54.308 денари други права (регрес); 1.726.667 денари плата, 423.510 денари бонуси, 170.142 денари други права и примања по основ на осигурување од 16.859 денари; 840.000 денари плата, 40.911 денари надоместоци на плата; 701.854 денари плата, 583.479 денари други права; 1.169.583 денари плата; сите дадени во нето износи.

М-р Драги Тасевски е ангажиран и во Академија за Банкарство и Технологија со плата во износ 15.000 денари и надоместоци на плата 1,667 денари во нето износ. Проф д-р. Вачно Узунов како член на Надзорниот одбор на Македонијатурист АД Скопје има годишен надоместок за членство во износ од 277.599 денари, во нето износ.

# Остварени финансиски резултати во 2016 година

Во 2016 година, Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје оствари **вкупни приходи** во износ од **35.472.682 МКД,** што е за 19,95% повеќе од претходната година. Во оваа сума се вклучени и приходите од грантот на ЕБРД во износ од 3.689.337 денари, кои едновремено се евидентираат и како приход и како расход на период на ЦДХВ, со што двете позиции немаат влијание во балансирањето на крајниот финансискиот резултат во Билансот на успех на Депозитарот. Оттука, доколку се направи прилагодување на вкупните приходи на ЦДХВ за приходите од грантот што Депозитарот ги доби од Европската банка за обнова и развој како поддршка за воспоставувањето на електронскиот систем за дистрибуција на информации, вкупните приходи на Депозитарот за 2016 година изнесуваат 31.783.345 денари, што претставува зголемување за 7,47%, односно за 2.209.352 денари во однос на претходната 2015 година. Зголемувањето на приходите во основа се должи на наплатениот надомест при постапка на преземање на акционерско друштво во врска со отпочнатата постапка за преземање на Макпетрол АД Скопје, кој изнесува 2.945.204 денари.

Приходите остварени од камати изнесуваат 1.118.192 денари и претставуваат 3,15% од вкупните приходи. Овој износ произлегува од камати од орочени депозити, камати на депозити повидување и приход остварен од продажба на удели во паричен фонд. Приходите по овој основ се помали во споредба со нивната реализација во 2015 година за 25%, а се за 11,54% поголеми во однос на планираните за 2015 година. Намалувањето на приходите по овој основ во однос на приходите во 2015 година главно е предизвикано поради континуираниот пад на активните каматни стапки и поради потребата од разрочувањето на мал дел од денарските депозити заради одржување на тековна ликвидност. Зголемувањето на приходите во однос на проектираното со финансикиот план за 2016 година е резултат на приносот од продажба на удели во паричен фонд. На 31.12.2016 година Депозитарот има денарски депозити орочени на 6 месеци во вкупен износ од 8 милиони денари, на 12 месеци во вкупен износ од 36,1 милиони денари и орочени девизни депозити во Евра на 12 месеци во вкупен износ од 10,6 милиони денари МКД, односно вкупно орочени депозити од 54,7 милиони денари.

Приходите по основ на провизии и надоместоци за 2016 година изнесуваат 30.274.822 денари и истите се зголемени за 10% во однос на 2015 година. Подетално подолу се презентирани сите видови приходи во оваа категорија:

- Остварените приходи од надомест за прием на нови членки изнесуваат 660.000 денари, и такви приходи не беа присутни во претходната 2015 година
- Остварените приходи од членките на Депозитарот по основ на нивната годишна членарина за 2016 година изнесуваат 1.000.693 МКД. Во вкупните приходи овие приходи учествуваат со 3,60%. Приходите по овој основ се намалени за 6% во однос 2015 година и за 4% во однос на планираните. Причината на ваквото намалување на овие приходи е тоа што во текот на 2016 година е фактуриран помал приход од брокерските куќи поради тоа што членките на Депозитарот оствариле промет од порамнување на трговски трансакции реализирани на Берза кој генерира месечен надомест од порамнување поголем од 50.000 МКД заради што го искористиле месечното ослободување од членарината.

- Остварените приходите по основ на порамнување на трансакции реализирани на овластена берза во 2016 година изнесуваат 6.946.163 МКД и во вкупните приходи учествуваат со 19,58%. Овие приходи се зголемени за 12% во однос на 2015 година како резултат на зголемениот берзански промет во 2016 година, што соодветно значи и поголеми приходи од порамнување на трансакциите. Остварените приходи по овој основ се помали во однос на проектираните за 2016 година за 20%.
- Остварените приходи по основ на иницијален пристап во системот на ЦДХВ за издавач на хартии од вредност изнесуваат 128.000 МКД. Приходите по овој основ се намалени 43% во однос на нивната реализација во 2015 година, а во однос на планираните за 2016 година за 20%. Намалувањето на овој приход е резултат на помал број на нови АД регистрирани во системот на ЦДХВ во 2016 година во однос на претходната. Учеството на овие приходи во вкупните приходи изнесува 0,36%.
- Остварените приходите по основ на годишна евиденција за акции кои се тргуваат и не се тргуваат на пазарот, годишна евиденција на акционерска книга со еден акционер, како и годишен надомест за водење на сметки на сопствениците на акции во 2016 година изнесуваат 8.767.243 МКД, што е за 15% помалку од реализираното во 2015 година по овие основи. Во вкупните приходи овие приходи учествуваат со 24,71%. Намалувањето на оваа група на приходи за 1.577.659 денари во однос на 2015 година се должи главно на исклучително големиот број на стечаи и бришења на акционерски друштва во текот на 2016 година поради што Депозитарот за најголемиот дел од тие друштва не издаде фактури за годишни членарини во годината, а делумно (за вкупен износ од 393.896 денари) и на променетата политика за фактурирање на Депозитарот во смисла на одобрувањето попусти за група на акционерски друштва за кои врз основа на спроведени анализи и врз основа на објективни фактори беше утврдено дека друштвата подолго време се соочуваат со сериозни финансиски проблеми поради кои фактурирањето на целиот износ на годишниот надомест ќе значење издавање на фактури кои друштвата нема услови да ги платат, заради што Депозитарот потоа прави исправки на таквите побарувања.
- Остварените приходи по основ на годишен надомест за водење на евиденција на должнички долорочни хартии од вредност со кои се тргува и не се тргува на пазарот, како и годишен надомест за водење на сметки на сопствениците на должнички долгорочни хартии од вредност изнесуваат 1.764.724 МКД и истите учествуваат во вкупните приходи со 4,97%. Процентот на нивната реализација е речиси на истото ниво како и во 2015 година.
- Остварените приходите по основ на упис на емисии во 2016 година изнесуваат 1.680.000 МКД. Во вкупните приходи истите учествуваат со 4,73%. Приходите по овој основ бележат пад во однос на 2015 година за 12%, додека реализацијата на приходите по овој основ во однос на планираното е помала за 18%. Овој приход произлегува од сите нови евидентирани емисии на хартии од вредност во системот на Депозитарот за 2016 година издадени од акционерски друштва и Министерството за финансии.
- Остварените приходи од правни лица во 2016 година изнесуваат 8.286.252 МКД. Процентот на нивната реализација во однос на 2015 година бележи пораст од 64%, а во однос на планираното за годината зголемувањето изнесува 66%. Во вкупните приходи истите учествуваат со 23,36%. Во оваа

група на приходи спаѓаат приходите од извршени услуги по основ на регистрација на нетрговски преноси, стандардни извештаи, акционерски книги во печатена форма и магнетен медиум, изводи, потврди за иматели на хартии од вредност, доставување на податоци до институции, корпоративни дејства и слично. Во оваа група на приходи се евидентирани приходите од надоместот при постапка на преземање на акционерско друштво во врска со отпочнатата постапка за преземање на Макпетрол АД Скопје кои изнесуваат 2.945.204 денари. Доколку се направи прилагодување на оваа група на приходи со надоместокот за ова преземање, се добива износ од 5.341.048 МКД, што како приходи за 2016 година, повторно се повисоки и во однос на реализираното во претходната година и во однос на планираното. Во оваа група на приходи се евидентирани и новите приходи од реализираните активности околу исплатата на дивидентата за акционерите на Окта АД Скопје преку Депозитарот, кои за 2016 година изнесуваат 137.790 денари (чисти приходи без рефактурирани трошоци).

- Остварените приходи од физички лица за извршени услуги по основ на подароци на хартии од вредност, нетрговски преноси, акционерски книги во печатена форма и магнетен медиум, изводи и слично изнесуваат 805.247 МКД. Процентот на нивната реализација бележи пад во однос на 2015 година за 11%, како и пад во однос на планираните за 2016 година за 27%. Намалувањето на овие приходи е резултат на намалениот интерес на акционерите да бараат услуги од ЦДХВ согласно горе наведените ставки. Во вкупните приходи истите учествуваат со 2,27%.
- Остварените приходи по основ на увиди и копии во акционерски книги изнесуваат 236.500 МКД. Приходите по овој основ бележат пораст во однос на 2015 година за 56%, а во вкупните приходи учествуваат со 0,67%.

Депозитарот во 2016 година оствари останати приходи од дејност во износ од 390.331 МКД. Во овие приходи влегуваат наплатени отпишани побарувања, приходи од наплата на премии за осигурување, приходи од наплатени законски камати и други приходи. Истите бележат пад за 20% во однос на 2015 година и за 5% во однос на планираните. Во вкупните приходи приходите од останати приходи од дејност учествуваат 1.1%.

Во текот на 2016 година Депозитарот оствари приходи од грант од Европската банка за обнова и развој како поддршка за првата фаза од воспоставувањето на електронскиот систем за дистрибуција на информации, во износ од 3.689.337 денари.

**Вкупните расходи** остварени во 2016 година изнесуваат 39.024.061 МКД и истите се за 12% поголеми во однос на 2015 година, а за 10% помали во однос на планираните за 2016 година. Во оваа сума се вклучени и расходите од грантот на ЕБРД во износ од 3.689.337 денари. Доколку се направи прилагодување на вкупните расходи на ЦДХВ за 2016 и 2015 година за расходите од грантот и за износот на регулаторниот трошок кој Депозитарот го плаќа кон Комисијата за хартии од вредност на РМ, тие за 2016 година изнесуваат 24.492.544 денари, наспроти истите за 2015 година од 23.889.388 денари, односно реалните трошоци на Депозитарот во текот на 2016 година се зголемени за 603.156 денари. Притоа, најголемо зголемување на трошоците за вкупен износ на зголемувањето од 888.285 МКД е евидентирано кај ставката Исправка на вредност на побарувањата, што е резултат на исправката/отпис на ненаплатните побарувања од акционерските друштва кои во

текот на 2016 година отидоа во постапка на стечај, односно беа избришани од страна на ЦРМ.

Во 2016 година расходите за провизии и надоместоци главно се направени за провизии за банки и истите изнесуваат 95.190 МКД. Трошоците за провизии за банки се за 17% поголеми од оставарените во 2015 година. Зголемувањето на овие трошоци е резултат на преземените активности на Депозитарот во постапката за исплата на дивиденда за Окта АД Скопје, кои како трошоци на Депозитарот беа покриени од издавачот на акциите и како приходи евидентирани во ставката Други приходи.

Трошоците за вработени во 2016 година изнесуваат 14.828.956 МКД и во нив се вкалкулирани бруто платите на вработените, трошоците на вработените во согласност со колективниот договор и други трошоци за вработените. Поконкретно, во овие трошоци се вкалкулирани и следните: отпремнина за пензија на еден вработен, трошоци за здравствени прегледи на вработените, помош на вработени за елементарна непогода согласно Општиот колективен договор, стручно оспособување на вработените, како и регрес за годишен одмор за вработените, при што, поради амбиентот во кој работи Депозитарот, постигнат е договор со вработените во ЦДХВ за исплаќање на регрес за годишен одмор под нивоата утврдени во Колективниот договор. Овие расходи во вкупните расходи учествуваат со 38%. Овие трошоци се на ниво на планираното во финансискиот план за 2016 година и на ниво на реализираното во 2015 година. Во трошоците за вработените се вградени и трошоците за бруто платата на Извршниот директор од 3.058.222 денари.

Амортизацијата на средствата е пресметана во износ од 1.520.657 МКД, што претставува 3,9% од вкупните расходи. Трошокот на амортизација покажува намалување за 4% во однос на реализираниот трошок за 2015 година и за 30% во однос на планираното. Намалувањето главно се должи на целосна амортизација на дел од стара опрема на Депозитарот и лиценци набавени во 2012 година, поради пролонгирање на набавките на планиранирата серверска опрема, лиценци и софтвер заради виртуелизација на серверските машини кои беа резултат на пролонгирањето на активностите поврзани со реализацијата на втората фаза од проектот за функционална надградба на Депозитарот, како и поради аплицирањето на поинаква амортизациона стапка на набавениот систем за гаснење на пожар во однос на планираната (10%, наспроти планираните 25%).

Исправката на вредност на побарувањата од акционерски друштва во 2016 година изнесува 2.296.088 МКД. Истата, како трошковна ставка, учествува со 5,89% во вкупните расходи на ЦДХВ за 2016 година. Трошокот по овој основ покажува зголемување во однос на 2015 година за 63%. Зголемувањето се должи на големиот број отписи и исправки на побарувањата од акционерски друштва над кои во текот на 2016 година беше отворена стечајна постапка, односно кои беа избришани преку интернет страницата на ЦРМ, а имајќи предвид дека голем дел од овие друштва имаат значајни акумулирани неплатени обврски кон ЦДХВ кон кои Депозитарот не беше опортуно да поведе постапка за присилна наплата поради констатации дека генерално овие друштва не располагаат со имот.

Останатите расходи од дејност изнесуваат 16.593.833 МКД и истите учествуваат со 42,52% од вкупните расходи на ЦДХВ во 2016 година. Овие расходи се пониски и од реализираните во 2015 година и од планираните за 2016 година. Во рамките на останатите расходи од дејност се јавуваат следните трошковни ставки:

- Трошоците за регулаторниот надоместок спрема КХВ за надзор на Депозитарот изнесуваат 10.842.180 МКД и истите учествуваат со 27,78% во структурата на вкупните расходи, односно со 30,68% во однос на вкупните расходи за 2016 година намалени за расходите од грантот. Во однос на реализираните Останати расходи од дејност, надоместокот кој ЦДХВ го плаќа кон КХВ учествува со 65,34% како најголем трошок во неговата структура. Ако се погледне учество на трошокот за КХВ спрема вкупните приходи на Депозитарот реализирани во 2016 година (без приходите за грант), трошокот по овој основ изнесува 34,11% од тие приходи, што значи дека повеќе од $^1/_3$ од остварените приходи на Депозитарот во 2016 година (без приходите за грант) се одлеваат како трошок за надоместок спрема КХВ. Регулаторниот трошок кон КХВ се пресметува согласно Тарифникот на КХВ со кој е уредено дека надоместокот за надзор на депозитар се пресметува како % од номиналниот износ на хартиите од вредност што се водат во системот на ЦДХВ, односно не е директна корелација со приходите на Депозитарот.
- Материјалните и слични трошоци во 2016 година изнесуваат 1.469.014 МКД и истите се пониски и во однос на реализираните во 2015 година (за 14%) и во однос на планираните (за 16%). Во овие трошоци спаѓаат трошоците за канцелариски материјал, електрична енергија, парно, гориво, вода, ѓубретарина, потрошен ситен инвентар и амбалажа, одржување хигиена, материјални трошоци од Заеднички служби во Комплекс НБРМ, резервни делови, потрошен материјал, новини, списанија и стручна литература.
- Трошоците за услуги изнесуваат 2.249.434 МКД. Во трошоците за услуги спаѓаат поштенски, телефонски трошоци, трошоци за мобилна т-фонија, сервисни услуги, нотарски, адвокатски, консултански и интелектуални услуги, интернет услуги, комунална такса, радиодифузна такса, други непроизводни услуги, трошоци за плати за заеднички служби на НБРМ, трошоците за ревизија на финансиските извештаи на депозитарот и други.
- Трошоците за надомест за членови на Одборот на директори изнесуваат 583.345 МКД односно 1,49% од вкупните расходи. Согласно одлука на Собранието на акционери на ЦДХВ, надоместок се исплатува само на независните неизвршни членови на Одборот на директори на ЦДХВ, додека останатите неизвршни членови на Одборот на директори за својата работа не добиваат надомест.
- За службени патувања во текот на годината се направени трошоци во износ од 199.109 МКД и истите се на ниво на реализираните во 2015 година, а се помали од планираните за 34%.
- Трошоците за репрезентација, реклама и пропаганда изнесуваат 270.222 МКД и се помали од планираните трошоци за оваа намена за 10%.
- Трошоците за осигурување изнесуваат 22.573 МКД и се однесуваат на осигурување на деловниот простор и опрема. Реализацијата на овие трошоци е под ниво на реализираното во однос на 2015 година и на планираното во финансискиот план од причина што извршниот директор не го искористеше правото за менаџерско осигурување за 2016 година.
- Реализацијата на другите трошоци во 2016 година изнесува 957.956 МКД и претставуваат 2,45% од вкупните расходи. Овие расходи се направени по основ на набавка на еднократни лиценци, плаќање членарини за Европска Асоцијација на Централни депозитари за хартии од вредност (ECSDA),

Федерација на Евроазиски берзи (FEAS), членарина за бизнис картичка, судски и административни такси и слично.

* * *

Како резултат на остварени пониски приходи од расходи, Депозитарот по Годишната сметка за 2016 година оствари загуба пред оданочување во износ од **3.551.379 МКД.**

Пресметан е данок на добивка во износ од **0,00 МКД** , како резултата на негативна даночна основа (бруто загуба поголема од износот на даночно непризнаените расходи во 2016 година) и нето загубата за деловната година за 2016 година изнесува **3.551.379 МКД.**

* * *

**Вкупната актива** на Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје на 31.12.2016 година изнесува **88.701.130 МКД.** Во структурата на активата најликвидните средства (паричните средства на Депозитарот и депозити во банки орочени на 6 и 12 месеци) изнесуваат 57.942.376 денари и учествуваат со 65,32%, од што произлегува финансиската стабилност на Депозитарот.

Учеството на материјалните и нематеријални средства од 19.022.611 МКД учествува со 21,44% од вкупната актива, а побарувањата од комитенти изнесуваат 7.106.194 МКД или 8,01% од вкупната актива. Побарувањата од комитенти во голем дел произлегуваат од годишните членарини за водење на акционерските книги на акционерските друштва во Р.Македонија, од побарувањата од приходи за порамнување на овластена берза за месец декември и од услугите извршени за Министерство за финансии на Р. Македонија особено побарувањата за годишниот надоместок за водењето на евиденцијата на долгорочни должнички хартии од вредност кои се фактурирани на крајот од годината.

**Вкупната пасива** на Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје на 31.12.2016 година изнесува **88.701.130 МКД.**

Вкупните обврски на 31.12.2016 година изнесуваат 6.311.115 МКД, од кои најголема ставка се обврските по примени аванси од "Balkan Petroleum Holding Limited" за започнатата постапка за преземање, каде Депозитарот побара обезбедување за неговите потенцијални трошоци во постапката во форма на авансно плаќање, во износ од 3.860.615 денари. Големо учество во одложеното плаќање на трошоци и приходи во идни периоди е обврската по данокот на додадена вредност во вкупен износ од 915.666 МКД која достасува за плаќање во Јануари 2017 година. Останатите обврски на Депозитарот се состојат и од обврската за плаќање на регулаторниот трошок кон КХВ за декември 2016 година во износ од 903.515 денари која достасува за плаќање во Јануари 2017 година, и годишниот надомест за членство во ANNA за 2017 година во износ од 246.936 денари, што како задолжување е пристигнато на крајот од декември 2016 година.

Капиталот и резервите на Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје на 31.12.2016 година, со загубата за финансиската година, изнесуваат 82.390.015 МКД. Од тоа запишаниот капитал изнесува 48.305.935 МКД, резервите 27.256.186 МКД, загубата за финансиската година 3.551.379 МКД и задржана добивка 10.379.273 МКД.

**Скопје,Февруари 2017 година**

**Одбор на директори**

**Претседател**

**Антигона Буклеска Младеновиќ**

Централен депозитар за хартии од вредност ЦДХВ АД Скопје

# ПРИЛОГ 1

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА
**на ден 31.12. 2016 година**

## АКТИВА

**во денари**

| Назив | 2015 | 2016 | Индекс 2016/2015 |
|---|---|---|---|
| **1.Парични средства и парични еквиваленти** | **869.247** | **7.068.423** | **813** |
| **2.Кредити на и побарувања од банки и комитенти** | **67.143.002** | **61.840.762** | **92** |
| Депозити | 56.033.479 | 54.734.568 | 98 |
| Вложувања расположливи за продажба | 1.633.199 | 0 | 0 |
| Побарувања од комитенти | 9.476.324 | 7.106.194 | 75 |
| **3.Вложувања во банки** | **76.471** | **76.471** | **100** |
| **4.Нематеријални средства** | **342.906** | **541.739** | **158** |
| **5.Материјални средства** | **19.175.309** | **18.480.872** | **96** |
| **6.Останати средства/побарувања** | **795.464** | **446.831** | **56** |
| Побарувања за данок на добивка | 273.979 | 24.276 | 9 |
| Останати побарувања | 521.485 | 422.555 | 81 |
| **8.Одложени приходи и однапред платени трошоци** | **63.520** | **246.032** | **387** |
| **ВКУПНА АКТИВА** | **88.465.919** | **88.701.130** | **100** |

## ПАСИВА

| Назив | 2015 | 2016 | Индекс 2015/2014 |
|---|---|---|---|
| **1.Обврски** | **2.490.061** | **6.311.115** | **253** |
| Останати обврски | 1.279.299 | 1.286.935 | 101 |
| Одложено плаќање на трошоци и приходи во идни периоди | 1.210.762 | 5.024.180 | 415 |
| **2.Капитал и резерви** | **85.975.858** | **82.390.015** | **96** |
| Запишан капитал | 48.305.935 | 48.305.935 | **100** |
| Резерви | 27.290.650 | 27.256.186 | **100** |
| Добивка за финансиска година | 0 | 0 | **н/а** |
| Загуба за финансиска година | -5.287.175 | -3.551.379 | **н/а** |
| Задржана добивка | 15.666.448 | 10.379.273 | 66 |
| **ПАСИВА** | **88.465.919** | **88.701.130** | **100** |

# БИЛАНС НА УСПЕХ
# ЗА 2016 ГОДИНА

| Приходи | 2015 | 2016 | Индекс 2016/2015 | Програма 2016 | Индекс 2016/План |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.Приходи од камати** | **1.493.081** | **1.118.192** | 75 | **1.002.500** | **112** |
| **2.Приходи од провизии и надоместоци** | **27.591.786** | **30.274.822** | **110** | **33.583.149** | **90** |
| Надомест за прием на нови членки | 0 | 660.000 | 0 | 660.000 | 0 |
| Годишна членарина за членство | 1.064.028 | 1.000.693 | 94 | 1.038.694 | 96 |
| Приходи од порамнување на овластена берза | 6.205.321 | 6.946.163 | 112 | 8.650.000 | 80 |
| Надомест за иницијален пристап во системот на ЦДХВ за издавач на хартии од вредност | 224.000 | 128.000 | 57 | 160.000 | 80 |
| Приходи од членарини за годишна евиденција за акции кои се тргуваат и не се тргуваат на пазарот ,годишна евиденција на акционерска книга со еден акционер, како и годишен надомест за водење на сметки на сопственици на акции | 10.344.902 | 8.767.243 | 85 | 9.361.182 | 94 |
| Годишен надомест за водење на евиденција на ДХВ со кои се тргува и не се тргува на пазарот,како и годишен надомест за водење на сметки на сопственици на ДХВ | 1.752.044 | 1.764.724 | 101 | 1.823.273 | 97 |
| Приходи од упис на емисии | 1.904.000 | 1.680.000 | 88 | 2.040.000 | 82 |
| Приходи од правни лица за извршени услуги по Тарифа на ЦДХВ АД Скопје | 5.042.601 | 8.286.252 | 164 | 5.000.000 | 166 |
| Приходи од физички лица лица за извршени услуги по Тарифа на ЦДХВ АД Скопје | 903.390 | 805.247 | 89 | 1.100.000 | 73 |
| Приходи од увид и копија во акционерски книги по Тарифа на ЦДХВ АД Скопје | 151.500 | 236.500 | 156 | 250.000 | 95 |
| Приходи од нови тарифни ставки(нови услуги) | 0 | 0 | n/a | 3.500.000 | n/a |
| **3.Останати приходи од дејност** | **489.126** | **390.331** | **80** | **410.000** | **95** |
| **4.Нето добивка од курсни разлики** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| **5.Приходи од грант** | **0** | **3.689.337** | **n/a** | **3.714.000** | **99** |
| **Вкупни приходи** | **29.573.993** | **35.472.682** | **120** | **38.709.649** | **92** |

| Расходи | 2015 | 2016 | Индекс 2016/2015 | Програма 2016 | Индекс 2016/План |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.Расходи од провизии и надоместоци** | **81.623** | **95.190** | **117** | **81.000** | **118** |
| Провизии од банки | 81.623 | 95.190 | 117 | 81.000 | 118 |
| **2.Нето загуба од курсни разлики** | | | | | |
| **3.Трошоци вработени** | **14.961.144** | **14.828.956** | **99** | **14.920.000** | **99** |
| **4. Амортизација** | **1.579.835** | **1.520.657** | **96** | **2.161.984** | **70** |
| **5.Исправка на вредност на побарувања** | **1.407.803** | **2.296.088** | **163** | **4.500.000** | **51** |
| **6.Останати расходи од дејност** | **16.830.763** | **16.593.833** | **99** | **17.856.241** | **93** |
| Материјални ислични трошоци | 1.703.363 | 1.469.014 | 86 | 1.741.700 | 84 |
| Трошоци услуги | 2.139.579 | 2.249.434 | 105 | 2.593.099 | 87 |
| Провизија за КХВ | 10.971.780 | 10.842.180 | 99 | 10.842.180 | 100 |
| Одбор на директори | 600.012 | 583.345 | 97 | 600.012 | 97 |
| Трошоци за службени патувања | 201.916 | 199.109 | 99 | 300.000 | 66 |
| Трошоци за репрезентација,реклама и пропоаганда | 182.258 | 270.222 | 148 | 300.000 | 90 |
| Осигурување | 94.703 | 22.573 | 24 | 375.000 | 6 |
| Други трошоци | 937.152 | 957.956 | 102 | 1.104.250 | 87 |
| **7.Расходи од грант** | 0 | **3.689.337** | **n/a** | **3.714.000** | **99** |
| **Вкупни расходи** | **34.861.168** | **39.024.061** | 112 | **43.233.225** | 90 |
| **Добивка пред оданочување** | **0** | **0** | **0** | **0** | 0 |
| **Загуба пред оданочување** | **-5.287.175** | **-3.551.379** | | **-4.523.576** | 79 |
| **Данок од добивка** | **0** | **0** | | **0** | 0 |
| **Добивка за финансиската година** | **0** | **0** | | **0** | 0 |
| **Загуба за финанската година** | **-5.287.175** | **-3.551.379** | | **-4.523.576** | 79 |

# ПРИЛОГ 2

Евидентирани нови акционерски друштва во системот на ЦДХВ во 2016 година

| Назив | Емисија | Регистрација во системот на ЦДХВ | Број на новоиздадени хартии од вредност | Вкупна вредност на емисијата |
|---|---|---|---|---|
| ФЕМИЛИ ПАРТНЕР АД СКОПЈЕ | ОСНОВАЧКИ АКЦИИ | 04.03.2016 | 15 ОБИЧНИ | 15.000 ЕУР |
| ЏОКЕР ИНС БРОКЕР АД ГЕВГЕЛИЈА | ОСНОВАЧКИ АКЦИИ | 01.04.2016 | 500 ОБИЧНИ | 50.000 EUR |
| ЕОС БРОКЕР АД СКОПЈЕ | ОСНОВАЧКИ АКЦИИ | 18.05.2016 | 500 ОБИЧНИ | 50.000 EUR |
| ФИМАР БАЛКАН АД СКОПЈЕ | ОСНОВАЧКИ АКЦИИ | 29.06.2016 | 250 ОБИЧНИ | 25.000 EUR |
| ФК ШКУПИ 1927 АД СКОПЈЕ | ОСНОВАЧКИ АКЦИИ | 13.07.2016 | 250 ОБИЧНИ | 25.000 EUR |
| Л.И.Ф.Е МАКЕДОНИЈА АД СКОПЈЕ | ОСНОВАЧКИ АКЦИИ | 30.08.2016 | 150 ОБИЧНИ | 15.000 ЕУР |
| РК ПРОЛЕТ 62 АД СКОПЈЕ | ОСНОВАЧКИ АКЦИИ | 14.10.2016 | 2.500 ОБИЧНИ | 25.000 EUR |
| ПЕТРОЛ -ОИЛ БРОКЕР АД СКОПЈЕ | ОСНОВАЧКИ АКЦИИ | 01.11.2016 | 1.000 ОБИЧНИ | 50.000 EUR |

Евидентирани нови емисии на постојни акционерски друштва во системот на ЦДХВ во 2016 година

| Назив | Емисија | Регистрација во системот на ЦДХВ | Број на новоиздадени хартии од вредност | Вкупна вредност на емисијата |
|---|---|---|---|---|
| 11 ОКТОМВРИ-ЕУРОКОМПОЗИТ АД ПРИЛЕП | ЧЕТВРТА ЕМИСИЈА | 05.01.2016 | 128.702 ОБИЧНИ | 658.053,326 ЕУР |
| АЛБСИГ АД СКОПЈЕ | ТРЕТА ЕМИСИЈА - ПРИВАТНА ПОНУДА | 20.06.2016 | 50.000 ОБИЧНИ | 500.000 ЕУР |
| ХАЛК БАНКА АД СКОПЈЕ | ДВАНАЕСЕТТА ЕМИСИЈА-ПРИВАТНА ПОНУДА | 22.08.2016 | 73.949 ОБИЧНИ | 739.490.000,00 МКД |
| МЖ ТРАНСПОРТ АД СКОПЈЕ | ТРЕТА ЕМИСИЈА-ПРИВАТНА ПОНУДА | 06.09.2016 | 302.295 ОБИЧНИ | 302.295.000,00 МКД |

Евидентирани стечаи над акционерски друштва во системот на ЦДХВ во 2016 година

| | |
|---|---|
| 1 | ТОПЛИФИКАЦИЈА ОДРЖУВАЊЕ АД СКОПЈЕ |
| 2 | ТОБЕЛ АД СКОПЈЕ |
| 3 | МЛАЗ АД БОГДАНЦИ |
| 4 | ТРАНСБАЛКАН АД ГЕВГЕЛИЈА |
| 5 | СОЛУН 53 АД ГЕВГЕЛИЈА |
| 6 | ДСЗПП ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ АД СКОПЈЕ |
| 7 | ОХИС АД СКОПЈЕ |
| 8 | ЖИТО ВАРДАР АД ВЕЛЕС |
| 9 | ИНТЕР КАБЕЛ АД ВЕЛЕС |
| 10 | ЕКСКО ТРЕЈД АД СКОПЈЕ |
| 11 | ИЦН ФАРМ АД СКОПЈЕ |
| 12 | ЗЕОЛИТ БСБ АД ПРОБИШТИП |
| 13 | КАРТОНТЕКС АД СВЕТИ НИКОЛЕ |
| 14 | СКИ ЦЕНТАР КОЖУФ АД КАВАДАРЦИ |
| 15 | ТРОСКА АД СКОПЈЕ |
| 16 | СЛОБОДА АД ОХРИД |
| 17 | ЕМО АД ОХРИД |

Евидентирани ликвидации над акционерски друштва во системот на ЦДХВ во 2016 година

| | |
|---|---|
| 1 | ПОШТЕЛ БРОКЕР АД СКОПЈЕ |
| 2 | ОБД МАКОИЛ БРОКЕР АД СКОПЈЕ |

Акционерски друштва кои во 2016 година се повлечени во историската база на податоци на ЦДХВ заради преобразба.

| | |
|---|---|
| 1 | СКОПСКО ПОЛЕ АД ПЕТРОВЕЦ |
| 2 | КОМПАС АД СКОПЈЕ |
| 3 | СТОЧАРСТВО БОГДАНЦИ АД БОГДАНЦИ |

Акционерски друштва кои во 2016 година се повлечени во историската база на податоци на ЦДХВ заради бришење во Ц.Р.

| | |
|---|---|
| 1 | СИГУРНОСТ АД СКОПЈЕ |
| 2 | ГРАНТЕКС АД СКОПЈЕ |
| 3 | БИБРОК АД КУМАНОВО |

| | |
|---|---|
| 4 | РЖ МРТТ АД СКОПЈЕ |
| 5 | ПАЛИНВЕСТ АД СКОПЈЕ |
| 6 | МАБУКО СТИЛ АД ВЕЛЕС |
| 7 | ИЛИНДЕН АД ОХРИД |
| 8 | ФЛАМЕНГО АД ОХРИД |
| 9 | ЕУРО ХОТЕЛ АД СТРУГА |
| 10 | БЕНТОКВАРЦ АД КРИВА ПАЛАНКА |
| 11 | УНИ КОМПАНИ 1 АД СКОПЈЕ |
| 12 | ГЛОБУС АД СКОПЈЕ |
| 13 | ДЕСОВО АД ПРИЛЕП |
| 14 | ЦИВИЛ СТАФ АД СКОПЈЕ |
| 15 | МАКПЕТРОЛ ТЕМКО АД СКОПЈЕ |
| 16 | СИБА ИНТЕРНАЦИОНАЛ АД СКОПЈЕ |
| 17 | ИМПЕРИЈАЛ АД СКОПЈЕ |
| 18 | ЕЛМИБ АД СКОПЈЕ |
| 19 | ГОЛД ГРАПЕ-ТИКВЕШ АД КАВАДАРЦИ |
| 20 | САНИ ЛЕНД АД СКОПЈЕ |
| 21 | ВЕГЕТАБИЛ АД СКОПЈЕ |
| 22 | ПРОИМПЕКС ПРЕСПА АД СКОПЈЕ |
| 23 | ИНТЕРНАЦИОНАЛ НИК АД СКОПЈЕ |
| 24 | МАКЕДОНИЈА СТАКЛО АД СКОПЈЕ |